СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од  Второто продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5  јуни 1997 година

Скопје, јуни 1997 година

## II ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 68-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 5.06.1997г.


1. АРСОВСКИ БРАНКО - стр.58, 63
2. АНДОВ СТОЈАН – 84, 86, 89
з. БАЈРАМ АМДИ - 63
4. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 19, 21, 26, 27
5. ЗОГРАФСКА КУЉАН РАТКА - 53, 55, 70, 71, 72
6. ЈАШАРИ ХАСАН - 25, 26
7. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 45, 47
8. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО - 11
9. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 27, 30
10. МИНОВ ПАНЧО - 75
11. НАУМОВСКУ ВАНЕ - 2, 33
12. ПАВЛОВ БОРИС - 73
13. РАМАДАНИ ХИСЕН - 38
14. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 5, 65, 72, 73
15. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 51
16. ТРАЈКОВ МИЛЧО - 41
17. ТУЛЕВСКИ ИВАН - 90
13. ЧАДИКОВСКИ ЉУБОМИР - 35, 38
19. ЧОКРЕВСКИ ТОМИСЛАВ - 79, 88
20. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 7

т.11 – на стр. 2
т. 12 - 〃 7
т.15 - 〃 8
т.14 - 〃 8
т.15 - 〃 9
т.16 - 〃 **9**
т.17 - 〃 10


седницата продолжува бидејќи не е разгледана уште една точка од дневниот ред.

Точка бр.1

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Второто продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 јуни 1997 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,45 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 6 8-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Нано Ружин, Илинка Митрева, Љубомир Поповски, Стојче Ковачевски, Димче Настоски, Зоран Шапуриќ, Наум Симјановски и Тодосие Паунов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Почитувани пратеници, сакам да Ве замолам, пред продолжувањето со расправата по точката од дневниот ред, да дадеме можност министерот за надворешни работи да даде свечена изјава бидејќи кога Владата даваше свечена изјава, поради службена зафатеност, тој не беше во можност тоа да го стори.

Ве молам сите да станете.

(Сите присутни во салата стануваат)

I/2/ЛП/лј

(претседателот Тито Петковски го чита текстот на свечената изјава, а министерот Благој Ханџиски повторува по него).

"Изјавувам дека функцијата министер за Надворешни работи во Владата на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе се придржувам на Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија.

Скопје, 5 јуни 1997 година."

Молам да ги потпишете изјавите во сите примероци.

(Г-динот Благој Ханџиски, министер за надворешни работи го потпишува текстот на свечената изјава).

Изјавата е потпишана во согласност со процесите.

Дозволете ми, во ваше име и во мое име, да му честитам на г-динот Ханџиски на изборот за министер за надворешни работи и да му посакам многу успех во вршењето на неговата функција.

(Аплауз во салата).

Единаесеттата точка, - продолжуваме со претрес по извештајот за работа на Агенцијата на Репбулика Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал во 1996 година.

Има збор, г-динот Бранко Арсовски. Дали е тука? Не е тука.

Г-динот Трпеновски - не е тука.

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Ване Наумовски.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитуван министер, почитувани колеги, неколку зборови од моја страна во врска со извештајот и неколку констатации, или забелешки и сугестии, како сакате наречете ги, за натамошна контрола и работа на Агенцијата во сверата на трансформацијата.

Моделите, како што беше изнесено од еден колега пратеник, не се предмет на дискусија, бидејќи тој модел го донесе стариот парламент и останува да го разгледаме ова што е пред нас презентирано. Морам да кажам како оценка дека извештајот е поцеловит, покомплетен, од причина што прв пат го разгледуваме на ова Собрание. Комисијата за финансирање и буџет како нематична, но Комисија во секој случај која е компетентна во оваа свера и 1994 и 1995 година ги разгледуваше овие извештаи и даде своја оценка и мислење.

Мои гледања на извештајот се следните. Покрај статистичките податоци што се изнесени за 1000 трансформирани претпријатија, сакам да спомнам неколку работи, со кои се судри досега, работата на агенцијата, а тоа е недоволната информираност, по мое мислење, на вработените во сферата на стопанството за моделите кои се избрани и за тоа што е во суштина удел, акција, управувачки пакет итн. Потоа, вработените исто така недоволно се информирани за тоа што е берза и дали посуштински кај нас тие постојат и работат. Во тој дел ми се чини дека во сферата на ова работничко акционерско прилично заостануваме и секојдневно се судруваме со тие проблеми.

Стечајот или трансформација во стечајот, законот за трансформација на стечај дава ваква можност и ми се чини дека тоа поглавје од областа на овој постоечки закон кој е застарен апсолутно не покажа ефикасност. Што значи тоа? Ни претстои да донесеме еден нов сериозен закон во областа на стечајот.

Како трета работа, проблеми на трансформираните претпријатија, тоа е ми се чини горлив проблем во нашава држава, со кој ќе треба сериозно да се позанимаваме а тоа е неможноста на плаќањето на обврски спрема државата. И така трансформирани претпријатијата со однапред да речеме по Законот за загубарите, утврден технолошки вишок, фактички не можат да застанат на здрави нозе. Тоа е една

сериозна работа,обврските се пред се кон придонесот за пензиско осигурување, здравство и вработување и тука ќе се постави прашањето на персоналниот данок.

Мое мислење и сугестија е, а јас тоа го изнесов на Комисијата и овде само ќе го повторам како идеја за што вреди да се размисли, а од оние сознанија што ги имам дека грото земји во светот имаат такво нешто: давање на можност за трансформација на побарувањата од Фондот за пензиско осигурување, од Фондот за здравство и вработување во акции со одреден пресек. Како пример го кажувам тоа, условно, нека биде 31.12.1996 година, и фондовите да се јават како акционери со одредена можност за грејс период за тие акции, после фирмите да си ги откупат. Ми се чини дека на ваков начин ние ќе ја релаксираме оваа обврска на претпријатијата. Инаку, друго решение јас не знам што би понудила актуелната Влада.

Потоа, ми се чини сериозно заостануваме, оној вториот дел со проблеми на трансформација на делот на надградбата, тоа е втора фаза, веројатно ќе треба после сето ова завршување да се случи и карактеристична работа тоа е цената на извршената услуга за трансформацијата. Таа цена од почетокот на 1994 година до денес, драстично опаѓаше и ми се чини одредени фирми, за жал или незнам како, оние први што се истрчаа така да речам за да се трансформираат најскапо тоа го платија. Цените се движеле од 100 илјади марки за извршени услуги на тие проценители до денешниве некаде 30-тина илјади марки.

Сега една карактеристична работа. Оваа информација во квантитет е добра. Квалитетот во секој случај, квалитетот на трансформацијата изостанува. Од се ова што досега го кажав е очигледно.

За да се подобри и да биде квалитетна трансформацијата во државата ми се чини дека е неопходно да одат неколку попратни работи, а тука се нови инвестициони вложувања во така трансформираните фирми. Со тоа автоматски ќе имаме и подобрување на ликвидноста и нормално и вработување.

Во секој случај, информацијата ја поддржувам како информација, таа е пообемна и нормално, бидејќи информација 1994 година, можеше да се направи само на две трансформирани фирми, а сега имаме илјада, но во обласа на квалитетот на трансформација на претпријатијата мора сериозно да се обрне внимание.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани министри , почитувани колеги, би предложил еден заклучок, Агенцијата за приватизација сите овие наши дискусии тука особено оние кои беа конкретни, особено оние субјекти кои беа посочени, каде постојат реакции, не велам оправдани или неоправдани, во смисла на потреба од ревизија на обавезните прописи, давањето дозвола, практично без да се повторуваме тука на наредни седници со поставување пратенички прашања до овие субјекти кои ние тука ги спомнавме Агенцијата да изврши, по своја методологија и со свои кадри, ревизија и во една погодна прилика ние како парламент или оние луѓе кои ги посочивме тие субјекти да бидеме информирани.

И уште еден втор заклучок, Агенцијата по интензивно да се ангажира во оние случаи каде што имаме судски спорови за дефинитивно завршување на процесот ан трансформација во одредени претпријатија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Само да Ве потсетам дека Пратеничката група на Либерално демократската партија поднесе предлог заклучоци кои ви се поделени.

Кој е за предлог заклучоците поднесени од Пратеничката група на Либерално демократската партија молам да крене рака?

14 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот на заклучоците не е усвоен.

Врз основ ана извештаите на работните тела и расправата на седницата на Собранието, предлагам Собранието да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија го разгледа и поддржи извештајот за работата на Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал во 1996 година.

2. Собранието укажува дека е потребно во најскоро време Владата на Република Македонија да подготви и на Собранието да му достави предлог на закон за стечај.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието, да се достави до Владата на Република Македонија и до Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?

53 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

12 пратеници се против?

Дали некој се воздржува од гласање?

Еден пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на 12-та точка - Предлог на одлука за именување претставници на Републиката во Собранието и Советот на универзитетот "Свети Климент Охридски" во Битола.

Новиот текст на предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Џафероски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, се направија одредени измени од првобитниот текст. Се разбира, има уште една измена која сакам да Ви ја соопштам овде.

Имено, на страница 2, наместо Михајло Анастасиевски, Славе Андоновски, директор на "Охрид Турист" од Охрид и наместо Горги Николов, магистер Сашо Трајановски, од Сопотница.

Со ова Комисијата сакаше да го избалансира предлагањето по општини односно општините кои гравитираат кон овој универзитет и заради тоа се предлага оваа измена. Ве молам да ја уважите и вака предложената одлука да се усвои.

**ТИТО ПЕТКОВКСИ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бар збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за именување претставници на Републиката во Собранието и во Советот на Универзитетот"Свети Климент Охридски"- Битола.

I/8.-

Преминуваме на 3-тата точка -Предлог одлука за разрешување и именување претставници во Советот на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

60-пратеници гласаа за.

Дали некој има против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Преминуваме на 14-та точка - Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за изготвување предлог за именување декан на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 62 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за именување членови на Посебната комисија за изготвување предлог за именување декан на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Преминуваме на 15-тата точка. - Предлог на одлука за избор на членови на управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Кичево.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

60 пратеници гласаа за.

Дали некој има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на членови а управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Кичево.

Преминуваме на 16-тата точка - Предлог на одлука за дополнување на одлуката за основање на анкетна комисија за разгледување на прашањата во врска со извршените набавки од страна на Министерства- та и Владата на Република Македонија од средствата на Буџетот на Републиката во 1994 година, 1995 и првите три месеци од 1996 година.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (Никоја)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

I/10.-

Кој е за, молам да крене рака?

63 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?

Еден пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за основање на Анкетна комисија за разгледување на прашањата во врска со извршените набавки од страна на министерства-та и Владата на Република Македонија од средствата на буџетот на Републиква во 1994, 1995 и првите три месеци од 1996 година.

Преминуваме на 17-тата точка - Информација за сузбивање на илегалната трговија со дрога и злоупотребата на дрогата.

Информацијата Ви е поделена.

Истовремено Ви е доставена информацијата за контролата на производството и прометот со droги, психотропни супстанци и прекурзори и за превентива на злоупотребата на дроги и психотропни супстанци.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Лазаревски има збор.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван господине претседателе, почитуван министре, почитуван колега Тулевски, почитувани пратеници,

Доволно е да се илустрира животот на едно очајно семејство кое има дете зависник од дрога, нивната немоќ и пропаѓањето на младата личност на физички, духовен и материјален план, која станува роб на дрогата а неговите родители негови робови па да се разбере значењето на оваа современа чума и потребата од нејзино целосно искоренување.

Во тој контекст ги разбирам и информациите на Владата на Република Македонија за контрола на производството и прометот со droги, психотропни супстанции и прекурзори и за превентивата на употребата и злоупотребата на дроги и психотропни супстанци и Програмата донесена во мај оваа година како успешен обид за навлегување во овој сериозен здравствено-социјален, воспитно-образовен и општествено-политички проблем на нашата држава.

Со овој тежок проблем се соочени и многу поразвиени земји и доста тешко го решаваат, со оглед на широката распространетост и карактеристичната феноменологија.

Се работи за најтешката и најопасна болест на; зависност, покрај алкохолизмот и пушењето што битно се разликуваат во фармако-динамска смисла од правата наркоманија. Болестите на зависност се од големи светски размери и се шират во вид на една пандемија.

Тоа се сериозни болести на современиот свет во кој што и ние спаѓаме и се со силно изразени здравствени, социјални и економски последици, како за единката, исто така и за пошироката заедница.

II/2.-

Во современиот свет се присутни кај сите слоеви и сите возрасти, посебно кај младите.

Злоупотребата на дрога во Република Македонија, и покрај тоа што е од понов датум, од почетокот на 90-тите години, рапидно се зголемува. Карактеристично за нашата држава е тоа што наркоманијата се јавува во целата држава, во целото подрачје на Македонија и во урбаните и руралните средини, при што бројот на младите е речиси идентичен со бројот на возрасните.

Во периодот од 1991 до 1996 година видно е зголемен бројот на зависниците, со прогресивен раст кај бројот на младите и децата кои започнуваат со користење на дрога, како што е наведено до 12 до 14 годишна возраст. Особено загрижува фактот што од 1700 регистрирани лица, 31,8% се млади кои злоупотребуваат хероин. Причините за брзото ширеше на болестите од зависност во нашата држава практично се од сеопфатните процеси во самата држава. Република Македонија е производител на најквалитетен опиум во светот, при што сеуште е минимално илегалното производство на опиум и марихуана за лична употреба.

Долго трасираниот пат од исток кон запад, според положбата на нашата држава, претставува природна врска меѓу земјите на Блискиот ди Средниот Исток со земјите од Западна Европа во кои што се наоѓаат најголемите потрошувачки центри на сите видови дроги. Ни Република Македонија минува т.н. "балкански пат" со своите северни и јужни краци, преку Словенија во Западна Европа и преку Албанија и Грција во Италија и понатаму во Европа.

Вториот фактор за ширење на наркоманијата е личноста на зависникот, што за жал е се повеќе зафатена младата генерација и денес болестите на зависност, посебно наркоманијата, се проблем на младите.

II/3.-

Наркоманијата е најтешка болест на зависност што настанува при стално или повремено зачестено внесување во организмот материи што со заедничко име се нарекуваат droги, а се од растително, животинско или минерално потекло. Заедничка карактеристика на сите droги е нивната широка распространетост, тешка зависност кај уживателите и тешко здравствено, социјално, морално и материјално пропаѓање на зависникот.

Факторите што условуваат појава на наркоманија се бројни и тие би можеле да се поделат во неколку групи. Од нив се најважни:

- физичките фактори што се поврзани со употреба на опојни droги во медицински сврхи, најбројни се сепак

- психолошките и психички фактори бидејќи е во прашање личноста на зависникот, при што слаби, несигурни, сугестибилни, емотивно незрели, латентно психички болни и низа други фактори на психички план играат важна одлука на личноста да пристапи кон земање на droга и други средства, што, наводно, му го олеснуваат животот и нерешените проблеми што со други методи и начини не успева да ги реши.

- бројни се и социјалните фактори што придонесуваат за појавата на оваа тешка болест.

На пример, во некои земји пушењето на хашиш и опиум е прифатено и не создава посебни загрижувања. Во многу земји религијата, Коранот, забранува употреба на средства што ја менуваат состојбата на свеста.

Тенденцијата на наркоманите да ја шират болеста на други пред се на своите најблиски е исто така важен социјален фактор.

Од значење се уште распространетоста, цената и масовните психолошки карактеристики, познати како "психичка општествена зараза".

Според националниот регистер за наркомани кон крајот на 1996 година, во Република Македонија се регистрирани 1700 уживатели, а

според други извори се проценува дека тој број е од 1600 до 5000 болни, што зборува дека сеуште нема единствена евиденција за бројот на наркомани во нашава држава и единствен пристап, а посебно поради неконтролираната потрошувачка на психотропни лекови што се издаваат во тн. слободна продажба, на седативи, аналгетици, хипнотици, транкилизери и др. што има за последица неконтролирана злоупотреба хаотична евиденција и опасност од рапидно ширење на болеста кај нас.

По начинот на земање дрога околу 60% од наркоманите користат цигари од мешавина на тутун и марихуана, 40% други droги, најчесто хероин, во вид на инекции и кокаин со жвакање, шмркање и на друг начин. Повеќето наркомани земаат 4 до 5 пати поголеми дози од оние кои се користат во медицински терапевтски намени. Тоа го прават поради специфичната особина на дрогата за исти ефекти секогаш треба да се зема поголема доза. Поради тоа својство на дрогите кај наркоманите се јавува една појава на зголемена отпорност, толеранција. Редовно или зачестено земање на дрога во тек на еден или повеќе месеци во зголемени дози доведува до психичка и физичка зависност што настанува поради тоа што дрогата станува составен дел на метаболизмот на нервните клетки.

Зависноста, посебно физичката зависност се зголемува при почесто земање на дрога и не зависи толку од дозата и врстата на дрогата.

Поради зголемената толеранција наркоманите поднесуваат и 20 пати поголеми дози од здравите луѓе кои не употребуваат дроги. На пример, смртна доза за морфиум е 0,1 грам кај нормален човек, додека 2 грама поднесуваат наркомани без опасност по својот живот.

Ефектите што ги дава дрогата внесена во организмот се познати по нејзиното анлгетичко делување, еуфорично расположение, безгрижност, лажно задоволство, до разни промени во свеста кај халуциногените

droги, но тие се со кусо дејство. По престанување на дејството зависникот запаѓа во криза која го тера да зема повторно и се почесто дроги и се во поголеми дози од претходните. Најпосле животот на наркоманот се сведува само на грижа да се снабди со дрога, не бпирајки начини и методи да дојде до неа. Личноста се менува, пропаѓа на физички, психички и социјален план,станува зависник кој веќе не е валиден за понатамошна негова едукација.

Бидејќи се работи повеќе за ученици и студенти, тие ги напуштаат училиштата и стануваат болни кои не можат лесно да се излекуваат.

Поради битно намалениот имунитет кај наркоманите и поради употреба на нестерилни игли често доаѓа до ширење на секундарни инфекции од кои, секако, треба да се знае за неизлечивата болест сида што може да ја загрози и нашата држава.

Не земање дрога кај болни од наркоманија подолго од 12 до 14 часа доведува до тешки неуро-вегетативни, психички и органски промени што го загрозуваат животот на зависникот, а по 36 до 72 часа промените се драматични и бараат итна интервенција. Овој феномен наречен апстиненцијана криза лесно се распознава и настанува поради недостиг на дрога што е битна за функција на организмот. Чувствувајќи ја неодоливата потреба од внесување дрога, зависниците прават се да дојдат до средства, да купат дрога,при што вршат и кривични дела што се карактеризираат со насилства, кражби, проституција и други социо-патолошки дејствија.

Според евиденцијата на здравствените служби на казнено-поправните установи во периодот од 1991 до 19 96 година престојувале вкупно околу 34 9 осудени и прекршочно казнети лица, зависници од дрога кои, поради својата тешка болест не подлегнуваат на словото на

кривичниот закон, туку според Законот за прекршоци против јавниот ред и мир. По Кривичниот закон на РМ воспоставен е рационален и ефикасен казнено-поправен систем со целосна имплементирање на меѓународни стандарди и норми за оваа област:

- неовластено производство и пуштање во промет на дроги, психотропни супстанции и прекурзори, по член 215,
- илегална трговија со дроги и злоупотреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори, член 216,
- одземање на дроги,
- наведување ан друг на уживаше и регрутираше нови наркомани,
- ставање на располагање на простории заради уживање, исто така е казниво,
- одземање на имотната корист стекната со кривично дело на тој начин.

Но, сеуште тешко се применуваат во практиката овие казнени мерки и овие казнени одредби.

Наведените од 1991 до 1996 година сторени 448 кривични дела на неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори направени од 731 сторител, при што се одземени одредени количини дрога: хероин 387 кгр., сиров опиум 102 кгр. марихуана 164 кгр. и кокаин 54 кгр., пресечени се околу 70 организирани групи на илегална трговија со дрога кои го користеле нашиот познат балкански пат, а кои групи се составени до наши и странски државјани, располагаат со големи суми пари, современа опреме и професионална организираност.

Меѓутоа, ако се знае дека запленетата дрога е 5 до 10% од вкупната количина дрога што минува низ шверцерските канали низ

Републикава, оправдан е стравот дека во горниот дел на европските нарко - центри се движи и нашата држава.

Или пак мерките од МВР преземени за попречување на злоупотреба на droги, при што е дојдено до сознание дека е повеќе или помалку зафатено вкупното подрачје ан нашава држава, се минимални или скоро занемарливи ако само, како што се наведува во Информацијава, во 60-тина угостителски објекти дискотеки и клубови има преземено закон- ски мерки за нивно елиминирање, како жаришта, а колку има угостителски објекти, диско клубови и други клубови само во Гостивар.

Лекувањето на наркоманите е долготраен и тежок континуиран процес од повеќе фази што целосно треба да го вратат болниот во процесот на секојдневниот живот. Тоа се состои од:

1. Детоксикација и прекинување на земање на дрогата,
2. Потполна рехабилитација и
3. Ресоцијализација.

Во Република Македонија не е ова лекување сеуште на адекватно ниво и не го следи брзиот пораст на болни, повеќето млади. Лекувањето како континуиран процес бара тимска работа, единствена доктрина и големи материјални средства, бидејќи трае од 2 до 5 години. По некои статистики само 8 до 10% од зависниците се успешно излекувани.

Лекувањето се одвива воглавном во психијатриски установи, од кои во Македонија се 3 психијатриски болници: Дневната болница во состав на Болницата "Бардовци" во Кисела Вода, Клиниката на нервни и душевни болници и психатриските одделенија во медицинските центри што ниту од далеку не можат ниту се подготвени и способни да ги задоволат потребите за успешно лекување на зависниците.

Дневната болница во Кисела Вода во состав на болницата Бардовци, што функционира од 1986 година и каде што постои тим подготвен да ги примени најсовремените методи на лекување, но за жал

II/8.-

сеуште само во првата фаза, детоксикација и прекинување на земање на дрога, а потоа пациентите се пуштаат дома, препуштени сами на себе на своите семејства и психијатриските служби, што е далеку од правилното и целосно излекување и враќање во нормален живот, рехабилитација и ресоцијализација на овие, за сега, "отпишани" болни. Во Дневната болница се лекуваат околу 150 наркомани, што е само 10% од регистрираните, а најголемиот процент не се лекуваат или се лекуваат погрешно.

Далеку сме од остварување на зацртаните цели во Националната програма на Владата на Република Македонија донесена во 198 6 година и Програмата што е доставена денес, односно од мај 1997 година на Државната меѓуресорска комисија што е навистина доста обемна и добро поставена но нејзиното спроведување и целосно остварување зависи од подеднакво ангажирање на сите наведени министерства, невладини организации, а пред се од материјалната база на државата што треба навистина да издвои големи средства за континуирано и успешно искоренување на ова најголемо зло на човештвото, посебно на младата генерација. Иако болестите на зависност спаѓаат во задолжителен вид на здравствена заштита, поради низата нерешени проблеми токму кај алкохоличарите и наркоманите кои ја напуштиле работата, училиштето, не се осигурени, не се во состојба да ги платат големите трошкови за нивно лекување и други практични пречки одбиваат лекување, остануваат сеуште тежок здравствено социјален проблем на нашава држава. Затоа прогнозата на овие болни е неизвесна. Недоволно и нецелосно лекувани тие најчесто рецидивираат, бидејќи се чувствуваат отфрлени, загрозени и несигурни.

Нецелосното и неадекватно спроведено лекување, неподготвеноста на сите релевантни фактори да се зафатат со ова опасно зло што ја зафати и нашава земја бара итно да се пристапи кон превентивните мерки што треба да бидат широко поставени и по вертикална и по хоризонтала, бидејќи болестите на зависност се многу

сериозен, како што реков здравствено-социјален, воспитно образовен и општествено-политички проблем на оваа земја. Затоа се потребни:

1. Единствена доктрина на превенција, откривање,медицински и социјален третман и адекватни претпоставки за нивно згрижување,

2. Единствен концепт на перманентна едукација и запознавање со оваа тешка болест во воспитно-образовните, хуманитарните, верските и други организации,

3. Единствена евиденција на ниво на цела држава.

4. Унапредување на научни-истражувачката работа во оваа област,

5. Доградување на законодавно-правниот систем со донесување на Законот за контрола на производството и прометот со droги, психо-тропни супстанции и прекурзори и за превентива од злоупотреба од дроги и психотропни супстанции, што е во работна верзија во Владата.

Со овие напомени ја прифаќам Информацијата на Владата, Информацијата на меѓуресорската комисија како и програмата и сметам дека и понатаму ќе биде доградувана националната програма за сузбивање на злоупотребата на дрогите и недозволената трговија со дроги што во октомври 1993 година пристапи кон конвенциите на ООН,а треба да ги ратификува и европските конвенции за контрола на дрогата што се подготвуваат за ратификување пред ова Собрание.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани министри

II/10.-

Оваа Информација ја баравме подолго време. Еве дојде на ред денеска да се гледа. Мислам дека Информацијата гласи Информација за сузбивање на илегална трговија со дроги и злоупотреба на дрогата.

Ако се земе фактот дека Македонија се> наоѓа во транзиција а тоа е вистина, и ако се земе фактот дека Македонија е транзитна земја, реално е да се очекува, така и не посматраат нас, дека Македонија е место каде што се спојуваат три правци за можност за контролирано или неконтролирано влегување или излегување на дрогата во Република Македонија. Фактот е тој што секојдневно слушаме дека на границите кон соседните земји, Бугарија, Грција, Албанија се фатени поголеми количества дрога е факт дека во Македонија влегува огромна количина дрога, факт е дека и деновиве беше запленет наш камион со огромна количина дрога. Затоа сме ставени на едно посебно набљудување како држава што во сите меѓународни договори и она што го бараше Советот на Европа при склучување на сите ратификации и договори, посебно да се обрне внимание околу борбата против дрогата.

III/1.-JM/МЛ

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Јас имам посебна инспирација денес да зборувам, затоа што бев еден од тие пратеници кој покрена пратеничко прашање пред две години. Тогаш од оваа говорница јасно укажав дека она што се случува во училишниот центар Свети Николе дека станал центар на дилери и дека масовно се шири дрогата во училишниот центар Свети Николе и во градот Свети Николе, беше прифатено на нож, помагаа режимските медии, помогна настапот на почитуваната госпоѓа Софија Тодорова која не знам по кој пат е министер. Ќе беше добро да каже и да го чуеше ова што сакам да го кажам затоа што си зема право јавно да каже од говорницата дека во училишниот центар во Свети Николе не постои дрога, дека Свети Николе не е тоа, туку тогашниот претседател на Општина Свети Николе Слободан Даневски сака да се обрачунава политички и сака да прави маркетинг и да брка вештици. Фактите кажуваат друго. Информацијата која е пишана и која потврдува од Министерството за внатрешни работи стои дека баш во училишниот центар Кочо Рацин во Свети Николе има не знам колку случаи, дека се регистрирани и она што го барав јас да влезе како информација во јавноста се потврдува. Што сега остана од тоа? Бев нападнат, бев толку бомбасто нападнат од режимските новинари, така што дури ме ставаа како дилер, или да не речам оној човек што нудеше решение како да се фатат дилерите во Свети Николе. За жал ова е вистината, а јас сум должен да кажам заради моите сограѓани и мојот лекторат за оние мајки кои бараа тогаш и ден денеска бараат да се покрене ова, затоа што ова прашање не е санирано. Директорот остана директор затоа што е претседател на партијата, министерката остана министер, затоа што е од редовите на СДС, дрогата и натаму се шири. Тоа е вистината. Мислам дека ова треба да побуди малку внимание и кај новинарите и кај сите нас

III/2.-

пратениците. Вистината е таа, вистината е дека Македонија станува сега не само транзиционо подрачје, туку станува дилерска Македонија, затоа што сме секаде ставени под посебно посматрање. Случаите во соседните држави, случајот во Бугарија дека производството и контролата на дрогата официјално кажа дека тајните служби на таа држава се бават со дистрибуција и со препродажба на дрогата. Имаше и посебно укажување од Обединетите Нации и посебно од Советот на Европа. Се потенцира дека овој дел на Балканот е специфичен, дека можни се такви злоупотреби и во другите држави на Балканот. Сигурно на ова се алудира дека е можна и таква работа и во нашава Република. За ова немаме информации, но она што го слушнав пред многу години кога испадна во "Катемерини" некаде 1990 година дека во Македонија актуелната Влада е таа која служи за поттикнување и препродажба на дрогата, тогаш не беше сфатено од нас во Македонија дека го укажуваше тоа грчката штампа. Тогаш беше сфатено дека еве доаѓа времето за борбата на позициите, борбата на промена на името и го користат овој ефект како контра ефект да и направат штета на Македонија и на македонската дипломатија. Но, реалноста е друга. Сега сите претставници, сите контакти укажуваат дека Македонија навистина треба да се позанимава и треба да се занимава и актуелната власт посебно Министерството за внатрешни работи. Кога станува збор за ефектите на дрогата, што значи дрогата, имавме сега едно добро предавање од почитуваниот доктор кој дури навлезе суштински што значи дрогата. Го почитувам кажувањето на почитуваниот доктор од Гостивар. Се сложувам со тоа, но тука ги мешаме бројките. Мешаме бројки, кажуваме 1500, во другиот извештај кажуваме 5.000, во третиот рапидно зголемување во проценти испаѓа дека доаѓа до 10.000 наркомани, а она што не го спомна ни почитуваниот доктор, она што значи пробатори. Тоа значи дека бројот се множи од 6 до 10. Тоа е тоа ако се пет илјади

множете со 10, тоа се 50.000 потенцијални наркомани во Македонија. Да кажам за мојата општина. Во училишниот центар се лекуваат, дадени се и толку итни случаи кои по разни основи се пратени на лекување. Свети Николе е една микро средина, само во училишниот центар се заведени три официјално и три и шест и три девет, значи 15, само во училишниот центар ако се помножат по шест, за мислење тоа се 90 ученици пробатори. Тоа е фрапантна бројка. Свети Николе не е Њујорк, Свети Николе е една зграда во Њујорк Тука треба да се води борбата. Сфатија сега родителите и доаѓаат и денеска родителите се жалат, што да направиме, не сме моќни, ќе кажеме, ќе пријавиме за нашето дете дека е потенцијален, дека е корисник, дека е сомнителен, со директорот да поразговараме како да помогнеме на ова дете. Одговорот од директорот, вие ако го отворите ова прашање нема тука живот за вашиот ученик, или треба да се исели од школото, или се знае постапката. Се направи забрзан процес овие денови, минатата година сите потенцијални пробатори, или корисници на дрога експедитивно се отстранија иако имаа по 11 слаби поминаа направо само да се ослободат од оние кои се дилери во училиштето. Со тоа нема да се спречи. Превентивата треба да се работи на теренот. Се сложувам дека она што е најстрашно е тоа што е младата популација. Луѓето, младите луѓе од 12 до 14 години тука се шири проституцијата, се злоупотребуваат младите, стануваат потенцијални крадци, се вршат обиди за насилништва, потенцијални убијци и она зло кое оди со дрогата сигурно и сидата и на ова не сме имуни. Она што посебно би сакал да го акцентирам во овој случај во оваа информација не видовме, имавме некоја табела и не го видовме она што е најважното, уништувањето на дрогата, запленети огромни количини на дрога. Кажано е дека Министерството за внатрешни работи води некој записник, се даваат на уништување, ниту знаеме кој уништува, како уништува, колку уништува, каде е дрогата. Изгледа ни се губи дрогата меѓу Министерстовот за внатрешни работи и правосудството,

т.е. судството. Мислам многу симптоматична работа и на ова треба да се обрне посебно внимание. Тука е министерот за внатрешни работи, посебно да си земе обврска за една од наредните седници да не информира. Мислам дека ова е најважно. Немој да се случи дека Парламентот, или Владата го стимулира неконтролираното производство на дрога. Мислам дека ова е најстрашната работа. Ние сме овде законодавен дом и ние треба да ги покренеме сите иницијативи и да ги отвориме сите прашања, да се каже каде и кога, кој што и колку количини се уништени дрога. За ова немаме никаква информација. Наводно некои новинари посмели отворија некое прашање да сознаат каде е количината, на каков начин е уништена дрогата. Од таа работа само беше напоменато и нема ништо. Мислам дека ова треба да си го сфати министерот за внатрешни работи како сериозна работа за една од наредните седници да не информира каде, како и на кој начин е уништена дрогата, бидејќи ако нема една програма која ќе биде и е национална, ако не се вклучат луѓето од здравството, ако не се вклучат луѓето од социјалата, ако не се вклучат луѓето од Парламентот, од Министерството, од Владата, од МВР, родителите во школите професорите, мислам дека тешко да се застане на патот на дрогата. Иако е ова во поголем пораст, мислам дека треба да се објави војна на дилерите. Тоа би бил првиот начин затоа што во овој извештај не слушнавме кои се дилери, не слушнавме кои се фатени дилери. Она кажување тука пред две години имаше ефекти во Свети Николе. Се фатени нешто дел дилери, најдено е дека во Свети Николе едно мало место дури има и производство на дрога. Судени се двајца корисници со по пет килограми хероин во Судот број II пет килограми марихуана, не знам. Свети Николе производител на дрога. Тоа беше знаете што, кога го кажував тука, ос смееја многу луѓе, вика: овој сака да се обрачунува

политички. Не политички, јас го заложив мојот грб, мојата глава ја ставив, затоа што на оваа тема никој не сака да дискутира. Јас дадов збор пред тие мајки и пред тие деца. Ефектот се знае. Две деца се излекувани. Но, да завршам, бидејќи со оваа тема нема никогаш да завршиме, почесто треба тука да ја обработуваме оваа тема. Но, вие секогаш како пратеници треба да имаме посвежи информации.

**ХАСАН ЈАШАРИ:** (Заменик министер за образование)

Се почитува вознемиреноста на пратеникот за состојбите во училишниот центар во Свети Николе, меѓутоа треба да знае пратеникот дека првичната информација што беше дадена од Министерството за образование, ние дадовме, кажавме колку ученици се зависници на дрога. И од информацијата што ја имаме сега кажуваме дека во тие општини таму од тој регион има вкупно 59 ученици зависници на дрога, или ученици кои на некој начин не почнале да консумираат дрога и не се точни наводите на пратеникот дека ние прикриваме. Напротив ние преку анонимните анкети, преку родителските состаноци, преку тие класни раководители кои работат со учениците и преку тие програми на училиштата во тие превентивни активности ги откривме. И во таа информација од Министерството за образование што беше дадена по ваше бараше, ние ги изнесовме. Мислам дека најголемиот проблем што се однесува до училиштата е проблемот на слободното време на учениците, како тие го користат тоа слободно време. Значи ние работиме и во смисла на тоа учениците на некој начин да ги следиме додека се во училиштата, меѓутоа од анкетите од анонимните анкети што ги имаме во училиштата се кажува, се даваат индикатори дека најголемиот проблем е во нивното слободно време. Тоа значи попладне, за време на летниот и

зимскиот распуст и за време на тоа што се вика сабота и недела. Токму тогаш се случуваат тие несакани дејства иако ние сепак се интересираме за времето додека се во училиштето, сепак преку родителите настојуваме да имаме превентивни активности и за време на распустите.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Вистина е дека не ја кажувате вистината. Жалам што овде не е присутна министерката, но затоа постојат стенограми. Ќе се вратам назад колку ме држи меморијата да кажам што кажа министерката. Министерката кажа вака: Не е вистина дека во средношколскиот центар постои дрога, тоа е ваш проблем во Собранието, вие не сте го гледале тоа на вашето Собрание тогаш како Општинско собрание Свети Николе. И друга работа дека претседателот правел некоја улица таму со сомнителни зделки. Тоа беше кажувањето ама баш буквално се. Тогаш поставив пратеничко прашање па барав информација. Беше одбиено, министерката апсолутно ништо не кажа. Кажа дека во училишниот центар нема корисници на дрога. Министерството за внатрешни работи кажува званично документирано има корисници на дрога. Е ова е вистината.

**ХАСАН ЈАШАРИ:**

Јас не сакам околу тоа да расправам што кажала министерката и што рековте вие. Јас сакам појавата чисто на некој начин да се согледува непосредно појавата. Точно е тоа дека ние ги откривме тие појави таму и ние ги изнесовме тука пред Собранието. И можеби имаме и други случаи каде што има такви состојби и односи. Меѓутоа проблемот е тие на некој начин да се аргументираат, да има докази. Ние се обидуваме на секаков начин преку тие наши надлежности што ги имаме низ работата со

учениците, со родителите, наставничките совети и воопшто во програмата тоа што е зацртано во програмата на Министерството за образование во борбата против злоупотребата со дрога. Меѓутоа многу е тешко да се евидентира, бидејќи на прашањето дали родителите знаеле за нивните деца дека се корисници, зависници на дрога, обично одговараат дека не. Значи не треба на некој начин да се остават на страна и вината на родителите, на средината и ред други работи.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Пак уште една невистина. Ни случајно дека е откриено од Министерството за образование, ни случајно. Прашањето беше поставено од мене на оваа говорница и упатено до министерката Софија Тодорова. Точно е тоа дека никаков одговор не даде Министерството за образование. Сега ако сакате, ако сте задолжен вие да ја вади- те работата, тоа е друго. Но, да беше во некои други земји како што се работи, веднаш требаше да си даде оставка министерката и директорот на школото, тоа требаше да се случи. За жал партијата застана и тоа е најголемиот хендикеп.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, расправаме по однос на едно мошне значајно прашање како што е дрога- та присутна како појава, појава против која треба да се бориме, појава против која треба да се ангажираат сите субјективни и објективни сили, да се сузбива и појава која треба да се разгледува во еден причинско последичен однос бидејќи како таква не само што постои, туку сигурно ќе постои и во иднина. Барајќи да се разгледува во еден причинско последичен однос, сакам да кажам дека современите процеси што се

случуваат во нас, со нас, покрај нас а самиот начин на изменување на односите т.е. демократизација, либерализација, широкото отворање на Република Македонија спрема соседните држави, спрема западните цивилизации, интензивните миграциони движења од село кон град предизвикуваат мошне сериозни појави и усови за појава и на дрогата и користењето на наркозите. Затоа се појавуваат силни и многубројни проблеми, се разбира со широки социјални импликации. Една од таквите е дрогата која има не само здравствено значење, здравствени последици, туку и пошироки психосоцијални и економско одбранбено значење. Проблемот со дрогата и нарко мафијата е реална неминовност на секое општество, па и на нашето на Република Македонија и затоа треба да се смета за составен дел на животот. Меѓутоа, наш интерес е да го нема, да се сузбива од самото појавување. Но и покрај тоа, покрај сите залагања, ангажмани, состојби, преземање на мерки и процедури, сепак таа е присутна да речам и доста. Мислам дека овој проблем е доста комплексен и истиот заслужува теоретско научен, стручно аналитичен и практично практичен приод. Овој последниот практично политичкиот е и наша денешна расправа, наш ангажман. Но проблемот да го разгледуваме во целината на нашите општествени и политички состојби.

Во материјалот Информација за досегашните активности и изнесените бројки, проблеми, аргументи се отворени проблеми што се манифестираат во нашето општество во поглед на раширеноста на дрогата во нашите односи, во нашата држава. Според структурите, бројноста на презентираните податоци и од тоа од каде доаѓаат корисниците на дрога, мислам дека пред институциите на државата се поставуваат сериозни и одговорни стручно-политички задачи и обврски. По својата димензија и разновидност на категории на лица и на видови дроги кои се презентирани во информациите евидентно е дека станува

III/9.-

збор за загрижувачка појава. Загрижувачко од причина што тука не станува збор за категории корисници, како што се деца ли- шени од семејна грижа, воспитно запуштени деца, малолетни престапници и н. туку за категории на ситуирани лица.

IV/1.- ПЈ/ЉР

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:** (продолжение)

Патот по кој тргнале тие е пат до смртта. Неоспорен е фактот дека дрогата е раширена појава во нашето општество. Има доволно констатации, податоци и евидентирани случаеви, кои ни се презентираат и во Информацијава. Прашање е ако да се ослонува, како да се сузбива ова зло навреме, како да се спречи дрогата, која како измама во убиство се шири меѓу нашата младина. Имено, фактот дека од периодот од 1992 до 1995 година е присутен пораст на запленен хероин од 148 кгр. во 1996 година се запленети 29 кгр. хероин, 2 кгр суров опиум, 131 кгр. марихуана, 14 кгр кокаин, 2,5 кгр. семе од канабис и сл., како имајќи го предвид фактот дека во период од 1991 до 1996 година се регистрирани 438 кривични дела за неовластено производство и пуштање во промет на наркогични дроги, се пречечени две организирани групи за илегална трговија со дрога, како и фактот дека расте бројот на лицата зависни од дрога, зборува за сериозноста и димензијата на проблемот во нашето општество. Уште посериозни се податоците дека 1.700 лица употребувате дрога од кои околу 32% се малолетници. Ако кон ова се додаде и проценката дека во РМ има Меѓу 1.600 и 3.000 лица зависни од хероин, или пак друга проценка дека таа бројка е поголема од 5.000 - млади лица зборува доволно за раширеноста на појавата, за загрижувачките разлики на појавата и проблемите кои се присутни во врска со оваа штетна појава по здравјето, прихосоцијалниот развој и физичкиот развиток на лицата.

Има констатација и аргументи дека Меѓу дрогата е голем и многу профитабилен бизнис, но истовремено и доста опасен и штетен по здравјето. Можеби е тежок зборот, нои и да згрешам, ќе кажам дека во РМ постои, се шири наркомафија. РМ како држава во која се крстосуваат нарко патиштата не е имуна од оваа штетна појава.

IV/2.-

Ако во светот наркомафијата има своја мрежа и свои гранки во сите сфери на живеењето, тоа се случува и меѓу нас и во нашето живеење. Се наведуваат примери, нои најголем пример е тоа што во Колумбија наркомафијата и понуди на државата исплата на сите долгови што ги имала државата во тоа време. За таа цел и имајќи ги предвид присутните проблеми со сузбивањето, користењето и производството на дрогата и психотробни материи насочувачктие активности и целокупната поли- тика, механизмите на државата треба да бидат насочени кон создавање на реални услови за спречување на ова современо зло. Во овој контекст никој не може да се ослободи од обврска за активна борба против дрогата и наркомафијата како поединци, институции и како политика. Во оваа насока треба секој да создава услови за одгоонро родитслтво за ширење и посестрана грижа на децата за младите за побрза и поефикасна борба против ширењето на дрогата меѓу младите, меѓу населението во РМ. Ако државата со своите институции образовни, социјални, судски, здравствени не се сврти со својата политика кон сузбивањето на наркомафијата и дрогата нашите млади ќе станат проблем денес или утре. Затоа, нужни се превентивни механизми, соодветни и заштитни мерки , соодветен третман, во спротивно ќе имаме и понатаму пораст и ширење на дрогата.

Организираната општествана акција е нужна од повеќе причини. Во оваа смисла ја поддржувам националната програма на Владата на Република Македонија донесена на 1 јули 1996 година за сузбивање на злоупотреба на дрогата и недозволената трговија со дрога, која ги зацртала основните патишта за сузбивање на ова зло навреме. Сметам дека расправата по овие информации треба да ги надополни стратегиите, програмите предвидени за оваа појава во смисла на оспо- собување на кадрите за борба против дрогата, за потребата од развојот на граѓаните од дрогата и наркомафијата. Проблемот на ефикасното

сузбивање на дрогата е сложен. Покрај сите механизми што ги наведов, покрај сета ангажираност на институциите и службите. Поради тоа треба да се надополни стратегијата на делувањето, која во согласност со структурните промени и преку здравствените, социјалните и образовните субјекти, органите на прогонот и сл. ќе градат рационална стратегија, перспективна програма за борба за сузбивање на дрогата наркомафијата и користењето на психотропните супстанци. Нужен е рационален и одлучен пристап.

Во сегашнава фаза се јавува потребата од ефикасни проекти идеи и иницијативи. Неопходни се радикални промени во сферата на организацијата, откривањето на случаите и дентификаците на случаите анализа и утврдување на причините и градење на стратегија за целосно сузбивање на дрогата. Се разбира, за трајно сузбивање на дрогата се неопходни натамошни и структурни промени во институциите, во субјектите кои тоа го реализираат и во нивните мотиви за борба против дрогата и наркомафијата.

Во оваа насока се и моите предложени заклучоци кои укажуваат на постапките, мерките и процедурите како да се бориме и како да имаме здрава, млада генерација ослободена од дрога, која секој од своја средина може да наведува конкретни примери како тоа се користи, колку се користи, колку е штетна, колку се регистрирани лица, дури и по селата, по училиштата, во медицинските центри, но сето тоа сигурно не може да биде опфатено во една информација која треба да биде многу поширока но која треба натаму да се надополни за да можеме да објавуваме војна во сузбивањето на дрогата и нарокомафијата во Републикава.

IV/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ване Наумоски.

**ВАНЕ НАУМОСКИ:**

Почитуван претседатеале, почитувани министри и почитувани колеги,

Меѓу првата точка каде што дискутирав и оваа точка барам некој спој, а изгледа дека од 1990 година со прифаќањето на плурализмот, пвоеќепратискиот систем, пазарното стопанство, а тоа ја констатирало Информацијата неизбежно во пакет ни дојде и ова зло фактички, дрогата. Добро е она што е донесено од страна на Владата во 199 6 година, еве една година ќе сториме од таа национална програма, но не е добро во делот на нејзино операционализирање, а конкретно ќе кажам за кои работи се работи со цел сузбивање на ова зло кое фактички и не загрижува и на некој начин не обврзува.

Информацијата 1700 од 12 до 14 години деца и оној податок како потенцијални 5.000 секој нареден во секој случај нас треба да не загрижи. А не обврзува од друга страна што треба најсериозно да посветиме внимание на овој проблем бидејќи ако не сакаме вгодина да разгледуваме некоја информација со 10.000 уживатели затоа секој случај нешто се случува нешто сериозно. А сериозно е од причина што ова нема ни партиска боја, нема ни раса, фактички, потенцијална опасност за сите граѓани, како држава и како нација, како сакате кажете. Што треба на полето на националната програма да се стори. тоа е да донесеме закон за дрогите во кој ќе биде токму регулирано сето она фактички што треба што е позитивно. Од една страна има и позитивно користење на дрогата во сферата на медицината, што зборуваа на таа тема овде докторите кои тоа подобро го знаат од мене.

Потоа, сериозна измена на законот на семејството. Три се сегменти во државата на кои најмногу треба да се посвети внимание. Тоа е образованието, или семејството или обратно како сакате тие завртетени. Третото е средината во која делуваат младите и се движат. Акос е запрашаме каде е местото на консумирање или користење ма дрогата, тоа е средината. Тоа се кафиќите, кафулината и школите донекаде да кажам.

Овој ист Парламент го донесе Законот за употреба на угостителските објекти. Сите инсистиравме дека таа сатнина да оди нагоре до 13 односно до 0,1 до 02 часот. Ако некој бил, а јас сакам да се дружам со младите и сум во таа категорија и често влегувам во тие кафиќи, едноставно мирисот на марихуаната се чувствува уште кога ќе се влезе.

Друг еден факт, младите се тие кои меѓу себе ако ги информираме и ако ги прашаме се знаат кои се фактички учиватели на таа работа.

Образованието, ние имавме пола час класен час, го користевме на времето не знам, за какви работи, а сега можеме исклучително да го искористиме аз ова зло.

Медиумите, новинарите, новините, па разни летоци или било како исто така најсериозно треба за оваа работа да го опишеме ова зло. Зло, кое ни носи смрт, ништо друго, тоа е крајната цел на ова уоо.

На крајот сакам да ги помнам покрај семејството и ние као родители или потенцијални родители оние кои што ќе бидат во секој случај треба најсериозно, најотворено да зборуваат со децата што фактички носи земањето на дрогата.

IV/6.-

Верските заедници, исто така, се биден фактор кои што можат да влијаат врз тоа што носи ова зло. И тоа како ми се чини дека тука на тоа поле сите верски заедници без исклучок едноставно да застанат во борбата против ова зло, да не ни се случи, како што реков, на почетокот на дискусијата вгодина да разгледуваме извештај каде што ке имаме 5 односно 10.000 консументи. И мерките репресивни. Тука се Министерството за внатрешни работи и Правосудството. На тоа поле, јас не сум правник, но ги читам донекаде законите и имам чувството дека благо се однесуваме во делување на казните.

Последна работа што сакам да ја спомнам, дали тоа ќе биде сугестија или заклучок тоа е единиците на локална самоуправа да донесат свои програми, за сега во РМ не сум сретнал барем јас, може некој да ме демантира, дали одредена општина, ако ја има секоја чест, ако не, тогаш 134 општини да го стават ова на дневен ред, да донесат свои програми за сузбивање на ова зло.

Мислам дека бев краток, Информацијата ја прифаќам, но ви реков ја прифаќам како информација што загрижува и на некој начин не обврзува сите нас без исклучок најсериозно внимание да му посветиме овде.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Чадиковски

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги и пратеници сериозноста на овој проблем кон на сите ни е познат бара од нас и еден друг пристап кој ќе го надмине ова да биде само една информација за таа состојба. Не сакам да верувам дека некој може да стане од ова

говорница и да наоѓа во оваа тема која е многу тешка за многу фамилии во Македонија да бара некои политички решенија во овој проблем. Имено, сакам да сфатам дека овој проблем може да се, мене ме интересираат и тоа го имам расчленето некако во 4 сегменти. Некој ја внесува дрогата, некој ја прифаќа дрогата, некој ја дистрибуира дрогата и оние млади кои ја користат дрогата. Мене ме интересира проблемот на корисниците на дрогата, како на нив да им помогнеме Верувам во органите на системот дека овие три сегменти горе ќе си решаваат, затоа што на крајот на краиштата,. тие се за тоа платени. Кога ќе чуеме некоја информација дека е фатено толку и толку значи тоа е фатено. Не се обидувам, да најдам дека некој може да скрие таква работа. Сакам бидејќи тука го гледам и д-р Тулевски дека ние ќе помогнеме, како што рече мојот колега Ване, да се донесе еден закон за дрога, како ние можеме да помогнеме за тие сега што се корисници на дрога. Ние тој проблем, веројатно, од она што можам јас да го прочитам по новини дека никој тоа не успеал да го искорени тоа зло или да се успори, или да се решаваат во од тие проблеми. Претпоставувам дека проблемите кои се среќаваат, почитуваните лекари кои се бават со оваа работа дека работат многу во ненормални услови. Колку што јас учам, тоа е душевната болница во Бардовци, која не адекватна по многу нешта да можат да ги лекуваат и оваа болест која е тука и оваа дневна болница, мислам така се вика во Кисела Вода.

Се надевам дека најоперативно би можело ние да разговараме за овој проблем, затоа што да ми верувате стенограмот нема да ни ги излечи децава. Јас не можам да разговарам на научна база, тоа што рече мојот колега од Гостивар. Јас можам само оперативно да предложам нешто, а како пратеник да го поддржам тоа овде. Можам да

разговарам како пратеник, како граѓанин или како родител. Зошто, да кажеме конкретно еден предлог, зошто да не се искористи некои до одморалиштата кои се во околината во Скопје или во другите градови кои имаат поготово планинско место кое што на би било во допри евентуално со оној третиот сегмент кој ги снабдува луѓето со дрога, па да се направат едни оптимални услови, па дури би сугерирал дури и до Министерството за здравство да направат како што беше оној случајот со Министерството за култура еден краток филм во какви услови се работи. Дали душевната болница Бардовци е токму тоа во овој момент како решение, Дали е тоа во Кисела Вода. Мислам дека се тие показатели кога би ги виделе, би биле катастрофални. Очекувам дека овде за оваа говорница ќе разговараме сите како родители, како граѓани на оваа држава како да им помогнеме на младите кои се зависници од дрога. А таа професионалната работа да не изигравме сите полицајци, па каде се тие два грама и што знам, мислам не сме ние тие кои што можеме да напривме. Покорисни можеме да бидеме од оваа говорница ако оперативно го најдеме проблемот. Каде е , каде треба да притиснеме и кого треба да помогнеме за да по многу нешта јас со младиве работам и јас имам многу поголеми можеби контакти и сите знаеме дека е тоа навистина страшна работа. Недај боже некому да му се случи во семејството.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:** (Продолжение)

Би сакал, очекувам и со големо задоволство ќе ги слушам сите дискусии, како оперативно да им помогнеме на тие луѓе кои се занимаваат со оваа работа. Можеме да претпоставуваме разни варијанти, не знам вака ќе биде, онака ќе биде и тогаш веќе влегуваме во сегменти кои не ни се познати.

Нашата корист би била , пак ќе повторам, стенографските белешки нема да помогнат. Можеме што сакаме да кажеме од оваа говорница и ништо. Само оперативната работа е таа што може да ни помогне. Мислам, тоа сме должни како граѓани да го направиме, а очекувам еден закон од Министерството за здравство кој од се срце би го поддржал, да биде закон за дрогата .

Исто така да се земе предвид и овој мој предлог, едно од одморалиштата да се земе, бидејќи колку што јас имам информација, не се баш сите одморалишта толку максимално искористени. Тоа имав прилика да го видам оваа пролет, бидејќи одев со театарот во тие одморалишта. Навистина едно одморалиште може да биде точно направено за таа намена, а дали ќе биде тоа во околината на Скопје или во некој друг град во Македонија, мислам дека тоа Министерство најдобро би си проценило.

**ХИСЕН РАМАДАНИ.**

Почитуван претседателе, почитувани колеги. Очигледно, сигурно, кажа сега еден наш колега ние не можеме денес многу да придонесеме со самата расправа и со самото прифаќање или критикување на информацијата. Меѓутоа, сепак е добро, како највисок дом на државата да констатираме некои работи кои што се кажани во информацијата, а овде уште некој акцент да се стави. Тоа се три непобитни констатации кои многумина ги кажаа, а и во информацијата стои.

V/2.-

Прво, многу дрога е присутна во државата. За многу од неа не се знаат точно изворите и многу се дистрибуира и во јавноста се нема впечаток дека за таква состојба се води една по организирана акција против оваа лоша појава. Тоа се три константи. Кого сакате да го прашате вод ржавата, тоа ќе Ви го каже.

Второ, тој општествен карцином се шири катадневно со голема брзина. Јас незнам дали сме сите информирани така и дали сите се движиме во исти средини каде што можеме по блиску да ги видиме тие ра- боти. Но, факт е дека сега ретки се собиралиштата каде што се млади собираат, дури и во некои образовани институции каде што такви појави на еден полу легален и полу организиран начин не се тоа случува.

Сега ние објективно сме исправени пред состојбата и да дејствуваме , што се вика и на последиците и на узроците. Сега не знам кој е поважен. Некои од колегите овде предност им дадоа на последици- те, а други на узроците, а јас мислам подеднакво се важни и едните и другите. Но, во секој случај, работејќи на последиците мора да се стеснат што е можно повеќе изворите, а тоа значи причините. Да се стеснат тие простори.

Јас колку што можам да следам од она што е вистинската состојба и она што во јавноста се кажува секојдневно и тоа што со децата се случува, мислам дека тој простор на стеснување на можноста за продор на дрогата на земјата сеуште не е доволно затворен, а дали од објективни или субјективни причини, тоа треба компетентни органи да го кажат. Меѓутоа, не поделено е мислењето дека сите механизми во државата на оваа многу лоша состојба, не се свртени со сета сериозност.

Јас не знам какви се групите да кажеме специјализирани во Скопје, од страна на МВР, кој што се задолжени за оваа работа.

Меѓутоа, нивното дејство во градот не се чувствува во таква мера за тоа , во одредени центри каде што се знае дека таква работа се случува, во нив нешто да се случува. Тие и натаму си живеат, си работата нормално. Дури постојат и едни информации дека во градската група задолжена за оваа дејност се прават некои кадровски поместувања кои што се на штета на акцијата. Јас не знам дали е точно, но еве сакам јавно да го кажам, бидејќи целата јавност за тоа зборува. Јас би сакал тоа малку да се види затоа што сепак градот Скопје е и еден центар кој што не само најмногу, со оглед на својата големина и својата структура е присутна оваа појава, но они интонираат состојба во целата Република. Они се некое средиште од каде на некој начин се снабдуваат и други центри.

Второ, мислам дека на оваа работа ние не ќе можеме вака палијативно да одиме, еднаш ќе добиеме извештај од образование, друг пат извештај од внатрешни работи, трет пат од здравство, четврт пат од социјална политика и т.н. Мораме еднаш да пристапиме кон една комплементарна информација со мулти аспекти во програмата и со една комплементарна програма со дејство на сите. Дури ни треба, како држава да имаме, јас сум малку алергичен на национални програми, некој овде спомна национална програма за дрога. Замислете, национална програма за дрога. Ако ние ја носиме таа програма, тоа е државна програма за дрога. Ако ја носи Министерството за образование тоа е образовна програма за дрога и т.н.

Сакам да кажам дека ни треба програма која ќе биде адаптирана за секоја света, од едукација во општеството за тоа какво зло е ова во суштина и како треба да се следат децата уште од мали години, преку образовните институции, спортските институции, младинските институции, се до завршување со државни органи, полицијата, како главен

фактор кој извориштата за продор од надвор и за производство внатре треба да ги што е можно повеќе, сопре.

Инаку, не знам дали другите не оптужуваат. Мене тоа многу не ме загрижува. мене ме загрижува состојбата. Навистина впечатокот е дека голем дел од младината ни е оставен без заштита во оваа смисла, од семејство до општество, за да се зачува од ова зло.

Друго, ова да не ми биде замерено, мислам дека е и должност кога овде расправаме треба да се каже, а тоа е да се види и околу рамномерноста во ангажирањето на луѓето во сите средини, во сите квартови, во сите региони, во сите инфраструктури. Не смее за оваа појава да се остави впечаток дека за некој дел од градот се има поголема грижа, поголема ажурност, а за друг дел во градот помала ажурност, поголема невнимателност и т.н., или еден дел од Републиката и т.н. Мора целата држава да има чувство, барем за односот на државата и државните институции дека кон сите и кон секого за оваа појава треба да се пружи и заштита и борба против чинителите односно актерите кои учествуваат во тоа.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ.:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа. Јас не можам да бидам ниту толку стручен како мојот почитуван колега, ниту толку конкретен затоа што мислам дека проблемот на дрогата е проблем на целата наша држава, а не е проблем само на еден регион. Токму и заради тоа мислам дека треба да се поздрави иницијативата за поттикнување на расправа во Парламентот, околу проблемот со наркоманијата.

Во исто време сакам да го пофалам сериозниот приод на Владата кон овој проблем.

V/5.-

Факт е дека на пратениците им беа доставени две целосни информации во чие изготвување учествуваа шест министерства, како и меѓуресорската државна комисија. На увид ни беше доставена и Програмата за работа на гореспоменатата комисија.

Се работи за извонредно горлив и тежок проблем и мислам дека највисокиот орган во државата не смее да се прави глув и слеп, ако на стотина метри од него може да се најдат закрвавени шприцеви по клозетите на кафулињата или пак во еден од градовите на државата Велес биде изгубен 16 годишен млад живот како жртва на употреба на дрога, па макар да е и единствен, а сигурно дека такви примери има многу во државата.

Забележлив е наглиот пораст на оваа појава, јас би рекол наркоманска епидемија во последните неколку години. За несреќа наркоманијата носи со себе повеќе како медицински така и социјални последици, појава на хепатитис-ц, како последица на интравенска употреба на дрога.

Според податоците од информациите, во Скопје 32% од уживачите на дрога го имаат ова заболување. Понатаму сидата која како Дамаков мач стои над главата на наркоманите.

Ако се знае дека наркоманите се една од најголемите ризични групи, а инкубацијата на сидата изнесува околу 5 години, може да се претпостави дкеа заедно со наркоманијата ни претстои една тешка и за најголем број случаи неизлечива епидемија.

Посебно загрижув афактот дека 31,8%, оваа повеќе дискутанти го искажаа на наркоманите се малолетници и тоа највеќе меѓу 12 и 14 години. Најутилизираната дрога кај оваа возрасна група е хероинот. Дури и бројката од 1700 регистрирани наркомани, иако многу по реална над 5

V/6.-

илјади , претставува знак за аларм. Заедно со наркоманијата, за жал, одат рака под рака и други друштвени појави, како проституцијата, криминалот и корупцијата што земени заедно даваат многу црвни тонови во организацијата на живеењето во едно друштво.

Мора да се констатира дека од придобивките на западната цивилизација и стил на живеење кон кој сите ние еднодушно се стремиме, најпрвин дојдоа оние најнегативните: дрогата, проституцијата и криминалот. Не дека овие појави досега ги немаше , туку се стекнува впечаток дека нагло избувнаа во прв план, во текот на овие последни години, во периодот на таканаречена транзиција.

Истражувањето на причините за појава на овој феномен е доста сложен процес.

Би сакал да продискутирам за некои од споменатите во информацијата:

Точно е дека географската положба на РМ и директниот правец на така наречениот балкански пат на хероинот, има влијание. Но, по мене не пресудно.

Овој правец, според информацијата постои 25 до 30 години, додека зголемената инциденца на наркоманија е забележана во последните неколку години. Во прилог на ова оди и фактот дека во 1996 година илегалната трговија со дрога бележи намалување, додека побарувачката бележи зголемување.

Не може да се заобиколи фактот дека големо, ако не и пресудно влијание врз појавата на наркоманијата, има економскиот и социјалниот момент на државата.

Транзициониот период низ кој, сакаме или не, мораме да поминеме донесе со себе пазарно стопанство, конкуренција , демократизација на

општеството, но во исто време и голем број на стечаи безработица, чувство на несигурност и социјални случаи.

Се формираше слој на економски успешни луѓе кои можеа себеси да си дозволат се, па и гризнуваше од забранетото овошје, полека станувајќи негов роб. Од друга страна проблемот на невработеноста, неможноста за искажување на сопствените потенцијали, желбата за издигнување над другите, чувството за безизлезност, одведе еден број на млади луѓе во имагинарниот свет на дрогата каде што се е убаво. Оттука посакуваното брзо излегување од економската криза ќе елиминира барем еден момент како причина за појава на наркоманијата.

Во информацијата провејува и констатација дека со осамостојувањето на државата беше потребно време за адаптација на одредени субјекти, се со цел да ги прифатат зголемените обврски и одговорности. Се надевам дека периодот на адаптација е поминат и дека наскоро како држава ќе се гордееме со намалувањето на наркомани, наспроти западните држави.

Секако мора да се спомнат и нотификацијата на сукцесијата на три меѓународни конвенции во областа на наркоманијата. Потоа работната верзија на законот за контрола на производство и промет со droги за што два тројца пратеници рекоа дека треба да се подготви таков закон. Во информацијата стои дека работната верзија е готова, што значи дека таков закон се работи. Како , и националната програма за сузбивање на злоупотреба на дроги и на недозволена трговија со дрога. Сето ова зборува за еден стратешки пристап кон разрешување на оваа проблематика, чија имплементација претстои и чии учесници треба да бидат како законодавната, така извршната власт и уште еден голем број на институции на системот, со директно инволвирање на секој граѓанин

во оваа држава. При тоа мислам дека основен акцент треба да биде ставена превенцијата, да не се каска за проблемот туку да се спречи негово ширирување. притоа потребно е максимална коперативност помеѓу институциите во образованието, здравството, центрите за социјална работа и МВР. Информациско поврзување во систем би било пожелна работа.

Проблемите на полето на превенцијата се големи. Пропагандата и едукацијата сеуште се врши со стари методи и пристапи не соодветни за новите генерации. Недоволно инволвирање на граѓанските асоцијации во проблематиката, во рамките на тоа максимална поддршка на организациите на Црвениот крст, со материјално финансирање на одредени програми. Потребно е изградба и отворање на повеќе центри низ Републиката кои би се занимавале со третман на наркоманите, но во исто време и со помош при ресоцијализација на истите. Познат е отпорот на наркоманите за сместување во психијатриски одделенија. Примерот со отворање на дневна болница за наркомани во Кисела Вода треба да се следи. Можноста да се лечат на овој начин ја користат 1500 наспроти 5 илјади, колку што се претпоставува дека ги има.

Како пратеник во новиот закон за лекови ќе го поддржам решението да се забрани продажба на психотропни лекови без рецепти. Ова секако ќе ги заштити фармацеутите од непријатни ситуации, како и наркоманите од самите себе.

На крајот, да не должам, се надевам дека од расправата надлежните институции ќе извлечат одредени заклучоци и ќе добијат поттик за разрешување на овој голем општествен проблем. Сигурен сум ќе имаат сесрдна поддршка.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, дами и господа. Иако информацијата за сузбивање на илегалната

употреба на дрога е последна точка на 68-та седница, ме радува интересот на колегите пратеници за учество во расправата, што значи дека кај сите нас е високо чувството од опасноста од ова зло кое има далекосежни последици врз живото, пред се на младите луѓе во нашата држава.

Би сакал да истакнам тека ова е прв пат Собранието на РМ да расправа за една вака важна материја на иницијатива на Пратеничката група на Либерално демократската партија и би сакал уште на стартот да кажам, и покрај тоа што добивме три материјали, има сериозни недостатоци во содржините, спрема тоа што ние го баравме во информацијата, да биде доставено како податок од страна на МВР. Меѓутоа сепак го поздравувам поставувањето на оваа точка на дневен ред.

Податоците кои претходно ги спомнуваа моите колеги пратеници пред се за бројот на регистрираните употребувачи на дрога кои се на малолетничка возраст, а посебно податоците кои зборуваат за бројот на обвинетите кој е во радикален пораст во однос на 1991 до 1995 година. како пример, во 1991 година се регистрирани 61 лице , а во 1995 година 169, што зборува за една геометриска прогресија во порастот на ваквите појави.

Сличните податоци кој зборуваат за изречените казни затвор, ако се споредат од 1991 година кога биле регистрирани 41 таков случај, наспроти 74 во 1995 година, исто така зборуваат за опасностите од оваа појава, како и податоците за прекршочно казнетите лица, зависници од опојни дроги, од 18 во 1991 на 76 во 1996 година.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:** (продолжение)

Тоа укажува на фактот дека во Македонија е во радикален пораст наркоманијата и консумирањето на дрога, како и производството и илегалната трговија со дрога. Тоа пред се се должи на географската положба на Македонија, кога се зборува за производството, затоа што условите во кои се наоѓа Македонија, во срцето на Балакнскиот полуостров овозможуваат добри климатски услови за одгледување на одредени врсти на дрога како и климатските карактеристики, а географската положба поради транспротните можности за таканаречениот балкански пат за пренос на дрогата до Турција кон земјите на Централна и Западна Европа. Не се согласувам со дел од претходните дискутанти кој главната вина за масовното зголемување на наркоманијата во Македонија ја гледаат во транзицијата и во реформите кои се прават во Македонија. Ако така се гледа на работите недобро упатените можат да помислат дека Македонија е во сериозна грешка, затоа што прави вакви големи радикални промени на премин да речеме, од социјализам во капитализам.

Јас пред се проблемите би ги лоцирал во непосредното спроведување на реформите, како политички, така и економски во државата, благодарение на кои се јавуваат одредени нус продукти за кои г-динот Илчо Трајков убаво зборуваше, што доведува до такви појави, голем број на луѓе пред се млади да се чувствуваат загрозени во својата перспектива и иднина заради тешката економска ситуација во која се наоѓаат, па спасот се повеќе го бараат во алкохолот или дрогата. Би сакал прецизно така да се лоцира проблемот, да не излезе дека ние се пишманиме сега, затоа што сме ги почнале овие радикални економски и политички реформи во кои оди нашата држава.

Мислам дека е добро поставувањето на дневен ред на оваа точка од следните две причини: прво, затоа што со оваа говорница се постигнува јавност, или транспарентност, за да може пошироката

јавност во Република Македонија уште еднаш алармантно да се запознае со фактичката состојба во оваа област, како и да се запознае со одговорноста за преземените, или непреземените мерки од страна на надлежните органи кои требало да преземаат, преземале мерки кои не биле доволно ефикасни и резултатите не се задоволителни, такви какви што би сакале ние да бидат, или не се преземени соодветни мерки, па ескалацијата на проблемот е уште поголема.

Посебно би сакал да обрнам внимание на еден крупен недостаток во оваа информација, која беше посебно потенцирано во нашето барање, а тоа е недостатокот на одговор како се постапува со запленетата дрога. Сите вие имате прилика пред извесен период кога се актуализира ова прашање да читате многу текстови во средствата за јавно информирање, со многу контрадикторни изјави од Министерството за внатрешни работи, односно од претставници на Министерството за внатрешни работи, од судии и од јавни обвинители во Република Македонија. Едните велат дека се постапува вака, другите поинаку излегува дека во Македонија никој не знаеше како треба да се постапува со запленетата дрога. Ако на сето тоа се додадат и изјавите кои можеа да се прочитаат од одговорните луѓе во Алкалоид, излегуваше дека сосема мала количина на дрога била предавана во Алкалоид за натамошна преработка од таканаречените лесни типови на дрога.- Тоа значи дека останува и понатаму отворено прашањето како надлежните државни органи, пред се Министерството аз внатрешни работи и судските органи постапувале со запленетата дрога. Пратеничката група на Либерално-Демократската партија и јас лично инсистираме оваа Информација да биде дополнета со тие податоци, за да видиме ако се постапувало со тоа и дали се констатирани одредени злоупотреби, затоа што посебно е симптоматично непреминувањето доследно на член 259 став 2 од Законот за извршување на санкциите, што е цитирано во двете

дадени информации од Владата во кои се вели дека во иднина во однос на уништувањето на дрогите и психотропните супстанци, потребно е доследно да се применуваат одредбите на член 259 став 2. Дали тоа значи дека Министерството за внатрешни работи индиректно признава, или судските органи во Република Македонија, дека досега доследно не се придржувале на овие законски одредби. Ако досега не се придржувале каде одела таа дрога, би требало овој највисок законодавен дом во државата да знае какви биле постапките. Ова посебно го потенцирам затоа што и во другата Информација се вели дека во иднина имајќи ја предвид меѓународната практика и ставовите на меѓународниот борд за контрола на наркотиците секоја запленета дрога ќе се уништува. Значи зборуваме за некое идно несвршено време, а авторот на Информацијата не зборува за тоа како во моментот се постапувало, дали има одредени аномалии и злоупотреби во сето тоа. Ова посебно го потенцирам од аспект на тоа што можевме да го читаме во врска со работата на Анкетната комисија за набавки во Владата и во другите институции под контрола на Владата. Беше изнесен податок дека за вилата на Министерството за внатрешни работи на падините на Водно, во која патем живее премиерот на Владата е набавуван мебел и други потребни работи од странство, притоа тие се набавувани во кеш пари и избегнување на плаќање на данок и соодветни царини при нивниот увоз на границата. Се поставува прашањето од каде се тие пари, дали Министерството аз внатрешни работи можеби и заработувало од некоја продажба на дрога, во спротивно за да се расчистат тие сомнежи со тоа како се постапува со дрогата, треба да имаме прецизни информации. Толку дрога е уништена со записник од тој и тој датум, кажано во количина комплетна спецификација, толку е дадено на Алкалоид, од Алкалоид се земени толку пари тие пари се префрлени на таа сметка, потоа се наменети за тоа и тоа. Во сериозна држава сериозни институции така прават за да се избегнат сите сомнежи во

врска со дрогата дали имало злоупотреби или немало. Исто така, беше актуализирано и прашањето за увозот на еден од видовите на анхидридот, тоа е одредена течност од која подоцна се произведува хероин. Мислам дека Владата односно надлежните органи што ја дадоа оваа Информација требало да му посветат соодветно внимание, за да се разбие впечатокот кој се стекнува во јавноста дека во Македонија постојат, односно во околината на Скопје мини-лаборатории во кои илегално од таа течност потоа се произведуваат одредени видови на дрога.

Би било добро Министерството за внатрешни работи да даде податок, која е таа овластена фирма во РМ која можела да увезува таква течност во РМ и дали после тоа патот на таа течност е следен со финалниот производ која таа го произведува. Ако увезе на пример 500 тони таква течност, од тие 500 тони треба не знам колкава количина одреден материјал да се произведе, да се види дали е направено некое скршнување и од тоа е направено нешто друго што не е дозволено да се прави во РМ.

Би сакал на крајот да завршам во врска со репликата која беше помеѓу г-дин Даневски и претставникот на Министерството за образование, од аспект на тежината на јавно изречениот збор на оваа говорница. Колку јас што се сеќавам министерката за образование изричито негираше дека има такви појави во Свети Николе, добро е што тие работи сега се констатирани во Информацијата, мислам дека МВР на најдобар начин ја демантираше министерката Тодорова, затоа што јавно ги објави податоците во врска со користењето на дрога од страна на неколку ученици во училишниот центар во Свети Николе. Во Англија постои едно правило дека функционерите кога јавно настапуваат, ако не сакаат да ја кажат вистината, треба да ја заобиколат. Меѓутоа, ако се одлучат да зборуваат, тогаш се должни да ја зборуваат вистината. Во случајот фактите зборуваат дека министерката Софија Тодорова не е

свесна за тежината на јавно изречениот збор од оваа говорница, изрече работи кои немаат врска за вистината. Би сакал да кажам дека би ми било мило, ако во иднина Македонија биде се помалку спомнувана во соодветните извештаи во меѓународните асоцијации и институции во врска со употребите и злоупотребите и трговијата со дрога, затоа што податоците велат дека Македонија ја имаше "таа чест" да биде спомната во еден извештај на 00Н во чиј два локалитети се произведува дрога, а исто така посебно е симптоматична спогодбата која треба да ја потпишеме со Европската унија во која е вградена посебна клаузула со која Република Македонија се обврзува дека ќе соработува со Европската унија во врска со сите овие девијантни појави врзани за дрогата, што не е случај колку што нас ни е познато за останатите земји кои се наоѓаат во транзиција.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги, ќе зборувам една минута. Дрога, сида, криминал, поврзани нешта помеѓу себе. Дрогата како најголемо зло, сидата како нејзин продолжеток, а криминалот како финале. Криминалот во смисла на класичен криминал и криминал како крвни деликти. Се ова е поврзано. Државата имајќи ги овие три зла, треба да се исправи пред нив. Тука беше спомнато дека патиштата во Македонија се вкрстуваат на разнесување на дрогата. Ако е така треба да наброиме уште три факта. Ако се пренесува преку границата, тогаш значи дека царината и сите што се врзани за штитење на државната граница треба да преземат најголеми и најсилни мерки да ја заштитат државата од внесување на дрога. Ако за растурање на дрогата покрај големите"риби" треба да не штити полицијата, треба да не штити и од оние кои на ситно ја растураат таа дрога. Значи огромна одговорност на МВР. Ако последиците од оваа опака болест на

човештвото ги лечи Министерството за здравство, или ги рехабилитира, тогаш треба и здравството со својата програма длабоко и сериозно да навлезе во решавање на овој проблем. И како последен факт ако Министерството за образование се бави со тој проблем треба исто така преку своите програми најсериозно да ја сфати оваа мерка и да не реплицираме дека овдека има дрога,а онде не. Крајот на оваа моја една минута излагање би бил следен. Ние господа пратеници на овие сите четири субјекти кои ги спомнав или пет треба како пратеници да им дадеме апсолутна поддршка во било кој однос, во однос на опременост, со опрема, на царинарници, со луѓе во полиција, во царина, со луѓе во Министерството за образование, во здравство исто така. Треба како пратеници да дадеме поддршка во сите тие сегменти. Ние фактички треба да објавиме војна на дрогата. Јас не чувствувам дека нашата држава има објавено војна. Мислам дека треба само да се потсетиме дека во Америка триесеттите години беше објавена војна против алкохолот и тоа беше без поштетна борба против алкохолот. Ние како мала земја мораме да објавиме војна и таа војна да ја добиеме. Ова не се пароли јас така чувствувам. Мислам на крај треба да кажеме сите на овие министри и министерства дека нивната работа и успешноста и нивниот реизбор и реизборот на Владата треба да го дадеме колку тие го решиле проблемот на сузбивањето на дрогата. Една од оценките која треба да ја дадеме треба да биде таа оценка. За сите тие министри, колку успеале следниот извештај кој треба да дојде во овој висок дом кажува дека сепак борбата против оваа опака болест, дрогата, не дека е сосема добиена, туку дека бројките во апсолутен и во било кој поглед се намалуваат.

VI/7.-

**РАТКА КУЉАН ЗОГРАФСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Очигледно е дека проблемот ги интересира сите пратеници подеднакво и се радувам што не зедоа збор само докторите, сметајќи дека проблемот е општ и според должината и сериозноста на дискусиите досега поеднаков не засега сите присутни во салата и јавноста пошироко. Бидејќи се јавувам за збор после повеќе дискусии ќе гледам да не ги повторувам коментарите околу понудените две Информации за проблемот за дрогата во РМ, а сакам да дадам само свој коментар за приодот кон проблемот во овие документи и тоа во оние делови кои што сметам дека не се досега кажани.

Имено, се согласувам дека во двете информации,. кои што патем речено се скоро идентични, бројката на корисници се движи помеѓу 1200 и над 5.000 по различни методологии и според информацијата се наметнува заклучокот дека не ја знаеме точната димензија на проблемот. Јас располагам со уште една бројка работејќи на проблемот подолго време од позиција на работа во невладина организација, според која што по методологија на светската здравствена организација, бројката на зависници во РМ на корисници на дрога во РМ во март 1996 година била 6.210, што значи шаренилото на бројки во информациите постои. Од 1990 година, според експертски извештај направен со податоци добиени од клучните институции во власта, во законодавната, во извршната власт и од клучните луѓе во тие институции, се зборува за хероинска епидемија во РМ. Не наркоманска туку точно хероинска епидемија во РМ. Зборот епидемија го означува размерот на појавата, а зборот хероинска преваленцијата на дрогата што се употребува.

Сакам да истакнам дека за да се изготви таков експертски извештај, кој што ви беше испратен по пошта на сите актуелни министри

и на сите актуелни пратеници, тоа сте вие во овој состав во времето кога беше изготвен тој се направи со сесрдна помош и поддршка, соработка и давање на сите постоечки податоци на Заводот за статистика, на МВР, на Министерството за образование и на Министерството аз здравство. Во овој извештај на експерти од странство значи дека се работи за тешка дрога во РМ која зазема епидемиски размери, а она што се потенцира во тој извештај е дека заради тоа што половината од корисниците на хероин тоа го прават преку инектирање, прагматичниот проблем во РМ, или јас би ја рекла црната точка во овој момент е опасноста од епидемија на сидата, бидејќи кога еднаш вирусот на сидата ќе се вметне во мрежата на корисници кој употребуваат хероин со инектирање, таа ќе се рашири како пожар меѓу нив и меѓу останатата популација со која што овие корисници комуницираат. Доказ за тоа е стопроцентната застапеност на вирусот на цехепатитот, помеѓу малата контролна група кај која што е испитуван вирусот на цехепатитот кој што е 100% застапен, бидејќи е вметнат во мрежата.

**РАТКА КУЉАН-ЗОГРАВСКА** (продолжение)

Кога би се вметнал вирусот на сидата , треба да се очекува истата работа. И така се наметнува некое чувство, или јас имам некоја нелагодност дека некои невладини организации, на пример Институтот отворено општество, кој што отвори програма за справување со проблемот, која носи наслов во превод "Намалување на злото или да се избере помалото зло" и направи еден прагматичен пристап кон проблемот односно кон моменталната важност на проблемот. Не се согласувам ние да донесуваме општи заклучоци од типот на претходно понудените заклучоци во осум точки. Добивањето на овие вторите заклучоци конвенционално е да кажам дека ме израдува, меѓутоа, ме уверува дека се исфрли од текстот точката пет, со која јас во мојот концепт сосема не се согласував и ве молам проверете дека точката пет е исфрлена без мое учество, не знаев. Во точката пет се вели: "Судските органи и органите на прогонот да применат ригорозни мерки и санкции спрема корисниците на дрога и понатаму посебно да ја зајакне контролата на производството".

Почитувани пратеници, ригорозни мерки и санкции не се преземаат спрема корисниците на дрога, оти тие се жртвите на ова зло, туку се преземаат против производителите, дилерите и трговците со дрога. Во земји со развиена демократија или во земји со цивилен концепт на развитокот на демократијата кон кој што тежнееме, во законодавствата репресивните мерки спрема жртвите никако не смеат да се појават. Од почит кон потпретседателот Џеладин Мурати можеби ќе го прескокнев овој дел, меѓутоа, никако не ми одеше во заклучоците, се радувам што се исфрли точно оваа точка.

Истовремено со ставањето на точката на дневниот ред на минатата седница, значи на 27 мај 1997 година, ние не стигнавме тогаш да продискутираме за неа, во дневен весник се појави еден голем напис

со наслов "Шприцеви место пенкала" и понатаму насловот нема никакви допирни топки со текстот на написот, во кој што всушност пак се обработуваат бројките и мерките кои се преземаат во врска со дрогата во РМ. Веднаш да кажам дека не сметам дека новинарот е виновен заради тоа не совпаѓање на насловот со текстот. Новинарите пишуваат според информациите што ние им ги даваме. Претпоставувам дека насловот има врска со воведувањето на метода на размена на употребувани или нечисти шприцеви за користеше на дрога со чисти, метода која што постои во РМ од поодамна на теренот во објект што се наоѓа наспротив факултетот на Архитектура и во кој што под професионален надзор по методот на советување на еднаквите меѓу себе, поранешни корисници ги советуваат сегашните корисници, во прв ред им ги заменуваат употребените шприцеви со чисти. Кога методата ја воведе институтот отворено општество со знаење со потполно одобрување и помош на релевнматните институции и луѓето што стојат на нивно чело, како прва мерка да се спречи злото што ни виси како Дамак лов меч над главата во моментот, а тоа е меѓу зависниците да не се прошират сидата и другите крвно преносливи болести, таму постојат сеуште мал број, 60-тина според моите вчерашни информации, постојани корисници на заменување на шприцевите, двојно поголем број кој што тоа го правата во викенд и возраста на луѓето на корисниците се намалува и достига до 12-13 годишна возраст. Не може да се избега од фактот дека пости дрога во Македонија, дека има епидемиски размери, дека зависниците не можат да се откажат веднаш до дрогата, туку со определени методологии тоа се прави на друг начин и тоа го прават професионалците. Но во меѓувреме, попатните зла што одат заедно со дрогата можат да се спречат и во тоа министерствата кои што се

задолжени за тоа, ја поддржаа оваа Иницијатива на оваа фондација, која што делува од поодамна и која што направи огромни работи во Македонија.

Се има потреба од обука на затворскиот персонал за симптомите на таканаречениот апстинанцијален синдром, тоа е синдром во кој што запаѓаат зависниците доколку немаат дрога, а тоа се случува кога ќе влезат во затвор, бидејќи немаат обука и не знаат како да се однесуваат. Побаран е начин за да се оствари таа обука, што значи дека може да го критикуваме и јас го критикувам Извештајот кој што е даден и едниот и другиот, бидејќи тој не соодветствува со навистина преземените мерки и активности околу проблемот со дрогата. Многу повеќе се превземаат отколку што се нотирани во извештајот.

Ако внесуваме малку и политика во целиот проблем бидејќи не може од тоа да избегаме, бидејќи и настапуваме како парламентарни групи, иницијативата е од одредена парламентарна група и јас апсолутно ја поддржувам секој пат кога наново ја поставуваат, би сакала политичките партии во власта или оние од опозицијата, а особено подмладоците да осознаат, јавно да кажат што прават, што направиле до сега или што имаат намера да прават за проблемот на дрогата, кој што очигледно сите лоцираме дека е многу значаен. Јас знам што прави Социјал - демократската младина на Социјал - демократскиот сојуз, би сакала да слушнам од другите партии.

Почитувани пратеници, интересот за овој проблем на пратениците кои ја бараат информацијата ги надмина моите очекувања. Постојано мислам дека проблемите од здравството некако се поттурнуваат, но се повлекувам во тоа.

Се јавив прво со цел да дадам некои додатни информации кои ги имам, работејќи ви кажав од друг аспект, но сакам со вас да споделам едно чувство дека овој пат, овој зголемен интерес за проблемот дрогата сепак според дискусиите кои ги слушнав, а делумно ги слушнав, не сите, сепак е интерес за патот на парите поврзани со дрогата. Во написите во печатените медиуми во последните недели и месеци се поставува прашањето што станува со запленетата дрога, што невелам дека е неважно прашање или дека ресорното Министерство не треба да даде отчет пред овој Парламент. Тоа воопшто не го мислам. Меѓутоа, не сакам да се согласам тоа да го потисне на втор план прашањето, не само што станува со запленетата дрога, туку што станува со нашите деца.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Арсовски.

**ЕРАНКО АРСОВСКИ:**

Пред мене имаше многу стручни дискусии од медицинарите, па ќе ми простите ако јас не бидам на тоа ниво, меѓутоа, би кажал некои мои впечатоци во однос на темата што е денес на расправа. Барем јас во контакт со одредена категорија малолетници и со одре- дени семејства, човекот кога ќе направи една севкупна анализа на сето тоа, верувајте дека нема поразочарано семејство во денешнината ако има еден од членовите кој веќе се впуштил во ова големо зло. Значи, родителите до крај се разочарани и да не кажам и социјално и медицински и како сакате. Значи, нарушена е нивната достојност, нивната психа, нивното здравја и тн. загриженост за иднината, бидејќи се работи за иднината на нивното дете. А нема помило од тоа.

Инаку, лично кога ги анализирав двете информации, јас сметам информациите дека треба да не информираат, во содржината на информациите се сместени доста податоци од кои можеме да бидеме информирани.

Меѓутоа, јас лично секогаш размислував за тоа, а сигурно г-динот Гурев ќе каже дека на ова треба да му направиме со некој фактор четири или пет, па ќе дојдеме во позиција дека сепак на неоткриените односно нерегистрираните се повеќебројни од овие сега што се регистрирани, заради тоа што еве кога слушаме разно разни информации во разни средини, или јас во Куманово кога слушам таква информација, пак се манипулира со некоја бројка 5000, 6000, 7000, 10.000 итн. а сега зборуваме за една бројка која се однесува за 5000 на ниво на Македонија. Но јас верувам во таа бројка затоа што тие се регистрирани практично и на тој начин таа бројка е егзактна и ја прифаќам како бројка.

Сега се прашувам самиот себе, ние зборувавме пред седум- осум години за патологијата односно за појавата на алкохолизмот, па зборувавме за проституција, зборувавме за криминал и тн, меѓутоа, верувајте во тоа време многу срамежливо му обрнувавме внимание на ова зло. Меѓутоа, гледате со каков интензитет, со какви се манифестации со каква брзина тој стана едно од најопасните зла. Јас лично, и покрај тоа што се занимавам со некои патолошки појави кај одредени граѓани, меѓутоа, сметам дека дрогата сега претставува една најопасна патолошка појава, која лично сметам ако продолжи вака како што почнала веќе сега, верувајте дека секое трето семејство ќе има сериозни проблеми со своите деца.

За да не должам многу, лично сметам бидејќи овде не треба многу голема пропаганда ниту партиска ниту да кажам да правиме афери заради тоа што ова што е сместено во самите информации мислам дека е добредојдено од министерствата за нас пратениците да бидеме изворно информирање, меѓутоа, и да понудиме некои наши решенија или пак да ги прифатиме решенијата кои се дадени во информациите.

И двете информации комплетно ги прифаќам и заклучоците и ометам дека се вредни и квалитетни. Меѓутоа, лично сметам дека и покрај тоа што имаме национална програма за борба против наркоманијата, дека имаме некоја меѓувладина комисија итн, од моето лично искуство сметам дека мораме да направиме нешто повеќе од тоа, а тука да направиме еден вид реорганизација на системот на субјектите кои најдиректно треба да учествуваат во разрешувањето на проблемот, од она што значи научен аспект до она што значи практично реализирање на она што ќе ни го понуди некој аудиториум. Лично сметам и се за- лагам во Македонија да имаме еден посебен институт со најкомпетентни стручни лица, со еден интередисциплинарен тим од сите стручни профили, меѓутоа кои ќе бидат на извонредно ниво во нивното знаење, за да ни понудат квалитетни решенија што понатаму сега треба да преземе образованието, здравството, социјалата, семејството итн., бидејќи сите овие сместени активности кои се дадени во информациите се однесуваат и за алкохолизмот, се однесуваат и за криминалитетот, се однесуваат и за други патолошки појави. Мислам дека тоа е една наша генерална намера и мислам дека генезата на едните и другите доста се разликува, макар што има некои заеднички компоненти односно извор на самата дрога. Така што во тој дел лично сметам дека на ниво на Република треба да имаме еден институт, тоа треба да се пренесе и во другите делови на државата односно на општеството, гледајќи ја и во локалните самоуправи и н, со единствена цел тоа малку поорганизирано да го правиме, бидејќи сега имаме многу невладини организации, државни институции и др, меѓутоа, секој делува на свој начин и лично сметам дека сме сепак дезорганизирани.

Кога зборуваме за семејството, еден од колегите спомна дека треба да го менуваме законот за семејство. Мислам дека Законот за семејство не треба да се менува, заради тоа што во Законот за семејство

ние направивме еден егалитарен закон, во кој велиме дека сите членови се еднакви во правата и обврските и во тој дел треба да имаме една хуманизација во разрешување и следење на одредени проблеми. И семејството има ресоцијализаторска, економска итн. Меѓутоа, како сега да го едуцираме семејството, г-дин Тулевски тука ќе направи повеќе бидејќи тој се занимава долго време со еден ваков проблем, посебно со алкохолизмот, а не значи дека наркоманијата не тука заедничка, семејството да биде до крај едуцирано да може тоа семејство позитивно да влијае на своите деца. Некој ќе каже дека средината е присутно. Меѓутоа, верувајте дека средината е присутна и за позитивните и за негативните појави. Во тој контекст, мислам дека се она што треба да го направи овој Институт, овие служби, во рамките на социјалните средини треба да потпомогнат на сите овие субјекти како образование, здравство, социјала итн, да направат нешто и дури предлагам, дали немаа можност за размислување да се воведе еден предмет во сите основни односно средни училишта на патолошките појави. Она што еден универзитетски професор на Правниот факултет, г-динот Љупчо Арнаудовски има издадено една извонредна книга "Патологијата-социјолошките појави во Република Македонија". Мислам дека тоа е една извонредна книга , а таа книга единствено се користи на одреден дел на студенти кои да речеме го посетуваат Правниот факултет, односно своевремено Факултетот за безбедност. Така што, да размислува Министерството за образование дали сега можеме или пак тоа треба во некој предмет да биде многу повеќе потенцирано, со единствена цел одредено лице кое е повеќе едуцирано од другите да може да ги пренесе сите позитивности и негативности кои произлегуваат не само од дрогата, туку и од алкохолот и тн. Мислам дека тоа би било доволно корисно.

VII/8.-

На крајот мислам дека има потреба од некоја дополнителна едукација на сите кадри кои се занимаваат со овој проблем. Еве, јас да кажам еден проблем дека центрите за социјална работа во материјалот е кажано дека тие треба да водат превентивна грижа во однос на оваа категорија. Меѓутоа, лично сум убеден иако работам таму дека ние не сме доволно спремни, не сме доволно едуцирани за да можеме да се справиме со една ваква сложена материја, а верувајте, тоа ќе го признаат голем број лекари и голем број на професори кои работат и во овие образовни институции.

**БРАНКО АРСОВСКИ:** (Продолжение)

Лично сметам дека дополнителна едукација, дали тоа ќе биде со семинари, дали тоа ќе биде на шест месеци, тоа треба Министерството за образование да го осмисли, сепак, за оваа појава да се до- бијат поголеми знаења. Знаете дека и нашите царинарници оскудеваат со одредено искуство за да може да дојде до откривање на овие сторители.

Четврто, предлагам до Владата, а ние пратениците да го прифатиме овој предлог на претходниот колега да овозможиме дополнителни средства за техничко опремување на влезот на границите, а тоа значи царините, со комплетна опрема и дури едуцирање на лицата кои се таму од МВР и лицата кои се од Управата на царината. Се со единствена цел, првата информација што ја даваат внесување на дрогата од другите земји, да бидат благовремено откривани.

Инаку, не сум оптимиста дека со дрогата ќе раскрстиме комплетно. Се залагам сепак сите субјекти да се заложиме да ја до- ведеме во едни толерантни граници.

Инаку, заклучоците што ги има дадено Мурати и заклучоците дадени во информациите, со извесно дотерување ги прифаќам комплетно.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Амди Бајрам има збор.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници и почитувани министри,

Денеска расправаме за наркоманија, за дрога. Сакам ова прашање малку да се земе поозбилно, меѓу нас ромите, еве и кај ромите почна дрогата да се проширува.

VIII/2.-

Во општината Шуто Оризари има 32 члена кои се дрогираат. За една година е многу 32 члена што се дрогираат во општината. Од тие 32 една фамилија се возрасни, мајка доилка до дете. Тоа е многу сериозна работа што се проширува во општината Шуто Оризари. Малолетните се околу 50%.

Лично јас контактирам со нив. Во таа општина се создаваат големи проблеми затоа што знаете кај ромите е голема немаштина. Не се тие моќни да купуваат дрога да се снабдуваат со тие работи. Се знае по кој пат, или продаваат се што имаат од покуќнината и, МВР е доста информирана околу тоа, можеби и министерот е информиран колку има до сега затоа што се случуваат големи кражби во општината. Значи од немаштија, потоа кои се морални од таква работа, големи, за една година има 200 и повеќе кражби во општината Шуто Оризари.

Имаме доста роми кои се на привремена работа во странство. Нормално ги знаат кои се, тоа се деца од 12, 14-15-16 години, се дрогираат. Јас ги знам 70-80% кои се. Соработувам,одам навечер, гледам што е, се движам по улици. Нормално ме интересира, јас сум пратеник од таа ромска припадност и морам да следам што се случува. Постојано имам разговори и се интересирам кои се,што се. Ги прашувам зошто е до тоа дојдено?

Некој во општината Шуто Оризари, мислам власта доста, МВР доста е вклучено ги знаат кои се што се служат со дрога, ја употребуваат дрогата, големи работи се случуваат околу кражбите, значи некој од надвор доаѓа во општината Шуто Оризари а ден денеска уште не може-ме да осознаеме кој е тој. Многу лесно можеме да дојдеме до тие дилери на дрога, големи кражби се вршат и на крај, верувајте дека во немањето уште што дури и вратите и прозорците се продаваат. Слободно можат новинари да дојдат во Шуто Оризари и да разговараат, да контактираат со мене, ќе ги однесам во тие станови таму, два стана што ги

има, вратите и прозорците ги продаваат за дрога. Тоа е многу сериозна работа.

Во Шуто Оризари сите знаете дека е голема немаштија. Ако се прошири тоа ќе биде голема работа. 32 за една година, мислам дека 32 0 ако станат и дали некој намерно тоа го чини за да ја протури дрогата во Шуто Оризари, Ромите да почнат да се дрогираат, јас се прашувам што е.

Затоа, МВР би требало, како што ја има преземено работата, малку да ја засили таа работа, да видиме кои се тие дилери, што се, а од тие што се дрогираат има многу со кои контактирам. Сакаат да се лекуваат. Биле два-три пати во тие установи. Еве и јас кога соработувам со нив, не ги примаат. Немаат здравствени книшки. Значи, некому е во полза се повеќе и повеќе да се шири и кај ромите.

Го поддржувам овој проект да се земе поголем замав да се стопира овој пат, затоа што кога може кај ромите може кај сите. Оваа работа е многу сериозна и министерот за внатрешни работи ќе ја преземе оваа работа со овие особи на кои се прошири во Шуто Оризари дрогата. Мислам дека тука ќе најдеме една средина во која ќе можеме да соработуваме.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата на Република Македонија, почитувани колеги пратеници,

Оваа Информација конечно дојде на дневен ред на оваа Собрание и јас морам да потсетам дека првите сигнали дека нешто крупно се случува во оваа држава доаѓа и во овој парламентарен состав уште

пред две години. Ќе ги потсетам педантните хроничари за да не се политизира премногу овој проблем, дека јас такво барање имам доставено во јуни 199 3 година, со уште неколку други карактеристични појави, актуелни за тој миг, а останаа и понатаму актуелни.

Од тоа мое барање, покрај опасноста од дрогата, во тој период јавноста ја интригираат: дивоизградените пумпи, нелегалната трговија или шверцот со високопрофитабилни производи итн. Но, добро е што денеска расправаме за еден многу сериозен проблем. Најмалку во него треба да внесуваме политика и да го политизираме.

Податоците што се дадени сигурно дека не се реални. За жал, многу се поинакви. Се работи за поголеми бројки. Јас доаѓам од едно подрачје што за жал, ќе кажам слободно не ми служи на чест, го води бајракот Тетово и Тетовско во она што значи на запленета дрога директни актери, а правило е и во светски рамки дека таму каде што има развиена мрежа на дотурање на дрога, каде има развиена мрежа на дилери, логично е да се точно на тие терени најголемите корисници. Исто така не е тајна дека дилерите имаат свој разработен систем преку корисници оспособуваат идни дилери да дојдат до поголем профит.

Ќе се обидам да не ги повторувам сите констатации точни, со можеби малку нијанси што беа тука изнесени. Сигурно не е тајна дека дрогата претставува предизвик за нас и како Парламент и јас оваа денешна расправа ќе ја оценам како позитивна ако не остане во аналите на овие записници, туку денешнава наша расправа треба да предизвика една синхронизирана активност и акција на сите субјекти кои го подготвуваа овој материјал, оваа информација и сите нас кои значиме нешто и сме повикани и сносиме одговорност пред граѓаните, бирачите, тоа да биде сега една синхронизирана акција да се справиме со ова многу комплексно зло.

Изнесените информации и сознанија дека некој друг треба да ни укажува на опасноста ќе ги примам со една резерва затоа што сите тие што доаѓаат за среќа за нас, доаѓаат од земји каде што др гата е многу поголемо зло отколку кај нас. Објективно. Но, тоа не значи дека тие сознанија на луѓето кои се соочуваат подолг период со вакви проблеми дека не треба да ги прифатиме. Но, мислам дека во сето тоа треба да користиме и наше искуство, наши познавања и тоа што нас не опкружува.

Во сето ова, мислам дека еден сегмент на опасноста од ширење дрога не беше зафатен ниту во информацијата ниту во дискусиите. Тоа е присуството во Република Македонија на голем број граѓани кои илегално се присутни, немаат постојано место на живеење, немаат постојани извори на приход и за Ваша информација само во минатата година од Тетово и Тетовско протерани се 2600 граѓани кои нелегално боравеле на тоа подрачје. Точно и оваа категорија на граѓани е оној потенцијал, онаа опасност што нормално, покрај проституцијата, изворите на приход ги остварува и преку пласирање на дрога и точно овие објекти каде боравaт овие нелегално пријавени граѓани, точно се жариштата на употреба или злоупотреба на дрогата.

Некој тука интервенции дека во печатот било изнесено, мислам дека беше во"Вечер" дека пенкалата се заменети со шприцеви. Тој напис го прифаќам во позитивна конотација бидејќи во тој напис стојат податоци изнесени од информациите што ние ги добивме. Добра е таа инсинуација дека децата, место да ни учат, место да употребуваат пенкала, употребуваат шприцеви. Во тоа не гледам ништо лошо, како што не гледам ништо лошо во, исто така еден многу детален напис во истиот весник "Вечер" од пред 15 дена каде што еден многу храбар и елоквентен новинар практично во две продолженија се обиде да пренесе атмосфера од она што се случува во Тетово и Тетовско во ноќните

часови. Се разбира, со анонимност на неговите соговорници. И ние кои живееме таму во Тетово и Тетовски бевме фрапирани, вчудоневидени од она што се случува околу нас. Значи, нашата загриженост мора да биде многу поголема од она што значи и она што тука го истакнуваме. Сигурно дека една густа населеност, огромен број угостителски објекти каде непријавени доаѓаат огромен број странски државјани кои најчесто полицијата успева да ги идинтификува, ги протерува, но тие многу лесно и брзо се враќаат.

Проблемот има две димензии. Секој трет филм што доаѓа од американскотоо подрачје е поврзан со прашањата и проблемите на дрога и сето она што ја следи оваа појава. Значи, една масовна употреба што не значи дека ние треба да ја пренесеме и кај нас, како дел од она што значи модерен начин на живеење или виза за влез во капитализмот. Од нас ќе зависи колку ќе успееме да се спротивставиме на ова нешто, со полно почитување на сите дискусии, на она што значи транзиција, промена на систмеот. Јас тоа би го заокружил само со една реченица - изменет систем на вредности и борба како да оедојде до што поголем профит на наједноставен и најлесен начин, но, се разбира и со најголем ризик.

Во сето тоа ќе бидам нечесен ако не спомнам дека во сите тие стории особено кога се работи за дрогата, во секој случај евиден- тно е присуството на актуелната власт, државни институции, полиција, судство и т.н. и т.н. Не може никој да убеди и разубеди дека проблемот во Македонија е слнчен или адекватен на еден Њујорк или некоја друга светска метропола. Па луѓе ние во Македонија имаме активно население од околу еден милаон луѓе.

Некој ја споина границата и нејзиното опремување. Дрогата и нејзиниот влез м С* ѕапнра на границата и не се штити со границите.

Не треба да живееме во илузии дека постојат магистрални и споредни патишта. Постои единствено патот на профитот. Најпрофитабилна професија е трговијата со дрога.

Прашањето е сега колку сме подготвени во своите средини да ги идентификуваме оние кои ја внесуваат и пласираат дрогата. Не можеме да останеме неми кога наутрина, во запуштени куќи,во влезови, на поткровја, мансарди, зад одредени кафулиња што се знаат, се идентификуваат, ќе видиме трагови на ноќни оргии и слично. Сите бевме информирани дека, не знам сега, до скоро таков централен пункт беше во центарот на државата, централното подрачје, во непосредна близина на Соборната црква. Тоа ли треба да биде тајна за нас, кои се тие луѓе, кој е тој кој нив ги храни, кој е тој кој го собира кајмакот, а нам ни остава да бидеме загрижени и во улога на родители и во улога на професионалци и во улога на политички субјекти итн.

Мислам дека денешнава седница треба да предизвика реакции на сите граѓани во оваа држава, позитивни се разбира, за да може синхронизирано да се справиме со ова зло.

Ќе морам да реплицирам на колешката Ратка Куљан Зографска за политизација на ова прашање од две призми:

Прво за да ја афирмира својата улога како претседател на Управниот одбор на Фондацијата "Сорос", невладина и непартиска организација и,

Второ, да го земеме урнекот на она што го прави Социјалдемократската младина на овој план. Познати ни се камповите, познати се семинарите на Попова Шапка и други места. Госпоѓо Ратка Куљан обезбедете средства од Сорос или државата ние како млади демократи а тоа е Унијата на демократската партија на Македонија, три пати поголем број млади луѓе ќе ги однесеме на едукација, на дружење, зближување во овие или слични објекти.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за госпоѓа Куњан-Зографска.

**РАТКА КУЉАН ЗОГРАФСКА:**

Јас ќе морам да го проблематизирам проблематизирањето на господинот Стојановски.

Прво, сакам да го информирам дека јас веќе не сум член на Управниот одбор на Фондацијата "Сорос" и јас бев претседател на Советот на Институтот "Отворено општество - Македонија" познат пошироко меѓу граѓаните, пратениците би требало да го знаат барем името на Фондацијата.

Второ, воопшто не е моја заслуга започнувањето на оваа програма. Таа, како регионална програма на земјите во транзиција на Централна и Источна Европа се востанови пред неколку години и. координатор на таа програма во моментот е господинот Иван Тулевски, истовремено бидувајќи координатор и на Меѓуресорската државна комисија.

**РАТКА ЗОГРАФСКА КУЉАН:(**ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Во неа се ангажирани професионални луѓе и луѓе од фондацијата кои што постигнуваат недвојбено голем успех во оваа работа. Во својата работа институтот отворено општество во најголем дел на програмите делува комплементарно со институциите на државата за што претпоставувам дека знаете дека невладини организации не значи против Владата, напротив комплементарно некогаш само финансиски, некогаш и во идеите, односно проектите. Во таа работа јас кажав дека имаме соработка, разбирање на методите кои што ми ги препорачаа луѓе искусни од странство, методологијата ја знаеја луѓето што стојат на чело на ресорите за кои што зборувам. Можеби можеше да биде и подобра. Во тој момент на пример, јас побарав како добра волја на државава за решавање на тој проблем доделување на простор за таа. намена иако фондацијата има пари. Значи само како манифестација на добра волја за таа намена. Не се најде простор. Фондацијата го плати просторот, меѓутоа, програмата оди и добро се одвива. Има барања и во периодот кога јас бев таму, а веќе не сум од разни структури кои што сакаа да се одржат, односно фондацијата да организира и да финансира семинари за едукација на родители кои што имаат деца зависници, семинари за родители кои што немаат деца зависници, затоа што тие се околу ризичната група за проблемот со дрогата, семинари за цариниците, ова што некој друг го спомна, семинари за луѓето кои што контактираат со нив во затворите, семинари на општата популација, бидејќи ширењето од кругот на зависниците према општата популација, станува со дијаметриска прогресија до колку популацијата која што не користи дрога, не знае како да се заштити, на пример, преку сексуалните контакти против сидата. Значи, такви барања се стигнати. Можеби е потребно едукација од оваа област и на некои пратеници.

IX/2.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Прифаќам едукација, кога и мене ќе ме изберете во некоја од комисиите, кои што денеска ги избираме тука, во управните одбори, во некоја од делегациите кои што го крстосуваат светот, а не неколку пратеници овде не сме ангажирани во ниеден одбор, за жал од тие неколку што не сме во овие главни групации, и денеска требаше да се засрамите сите, ние ги гласавме сите ние, немаме амбиции, а тоа што е променет директорот на Фондот, не мора да бидеме информирани затоа што ние не сме го избрале него, а второ, мора да кажеме дека сепак невладина и непартиска организација, директор на таа организација да биде господинот Илија Милчин, можеби и тој е сменет врвен партиски челник во- СДСМ, или госпоѓа Куљан, врвен партиски функционер, тогаш ако прашањето за дрога е општо зло, а ви тврдам дека ниту младите од СДСМ ниту од ДПМ не се имуни, тогаш ако е тоа синхронизирана акција, јас воопшто не спорам со Тулевски со програмата на едукации и на активности. Но тука сме сега на иста теласна должина, дека ќе биде добро од таа фондација, бидејќи е отворена, бидејќи е отворено општество до сите млади, до сите политички партии да достави предлог, предлог - барање, активности, семинари итн. итн. па ние да испратиме свои членови, вклучувајќи ме и мене ќе ми биде драго во едно такво мешовито и убаво друштво да успееме и ние да се немешаме. Инаку, затворени се тие фондации, морам да ви кажам, колку да ги велите вие отворени. Јас тој годишен извештај убаво го прочитав и го анализирав и во една друга прилика кога ќе имаме повеќе време, без да го замарам овој Парламент, ќе ви кажам точно секоја активност зошто е и кој ја протежира.

**РАТКА ЗОГРАФСКА КУЉАН:**

Едукацијата очигледно ќе морам јас да ја почнам и тоа веднаш, а егзекутивен директор на Фондацијата, институтот отворено општество не

е господинот Илија Милчин, туку господинот Владимир Милчин, еминентен режисер и општествен работник во моментот, член на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, што не е во колизија со функцијата егзекутивен директор на една таква фондација. Неговата заслуга во основање на фондацијата, во избирањето на луѓето кои што таму работат, обзнанувањето на критериумите по кои што се избираат луѓе кои што работат, како координатори, или во комисиите во кои што господинот Стојановски има афинитет, се негова голема заслуга. Јас по завршување на вториот мандат, согласно со Статутот на таа фондација ми престана функцијата претседател на фондацијата Под тие критериуми за разбирањето на отвореноста на општеството и како до тоа да се дојде, ако се понуди господинот Стојановски можеби ќе може да учествува во некои од комисиите. Според моето искуство за избор, јас се сомневам во тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ги молам сите пратеници да ги оставите партиите на страна, овде разговараме како пратеници и пратенички групи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Очигледно не сме се разбрале, мојата интервенција беше на комисии кои што ги избира ова Собрание, членови на управни одбори, мислам дека моите амбиции не се таму, да членувам некаде каде што се вели дека е невладина, непартиска, на чело се партиски луѓе Треба сега да расчистиме, или е партиска таа фондација, или пак не се партиски функционери Владимир Милчин и Ратка Куљан.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги ќе бидам сосема краток, јас мислам дека ова реплицирање сега на некој начин како да

заборавивме тоа што зборувавме до сега. Од тие причини ја сакам да кажам неколку збора. Мислам дека апсолутно е во ред што се постави точката на дневен ред, информациите ги прифаќам во целина, единствено сакам да напоменам од оваа говорница дека најважното прашан>е во врска со наркомани јата, или дрогата е превенцијата. И можеби тука практично е најприменлива онаа исказница која вели дека"подобро да спречиме отколку да лечиме". Вие знаете дека превентивни мерки имаме секаде, но поготово во медицината и ако тука конкретно превенцијата кај заразните болести ја сметаме за една од најглавните мерки во медицината, а сметам дека конкретно во сузбивање и спречување на наркоманијата е точно превенцијата. Нема да навлегувам воопшто во клиниката или манифестациите на болеста, како таа завршува или како се лекува, бидејќи тоа беше искажано многу комплексно, меѓутоа, во превентивниот дел јас мислам дека точно треба да се вклучи целокупното население на Република Македонија и ако сакате и пошироко. Борбата треба да биде на сите пунктови во смисла на внесување на дрога во државата, нејзина дистрибуција и на крајот нејзина употреба.

Како број еден да ги заштитиме нашите млади, како што реков тоа е некаде околу 32% од зависниците, тоа се млади деца, јас мислам дека број еден се родителите. Тука родителите не би требало да чекаат институциите на државата да бидат тие кои ќе го заштитат нивното дете. Број еден за мене се родителите, оттаму идат институциите на државата како што се здравство, образование, па и државата преку Министерството за внатрешни работи, правосудството и другите организирани сили во нашата држава. Мислам дека навистина нема смисла на овој тежок и жалосен проблем, бидејќи ние знаеме што значи

дрога сите од првиот до последниот, да создаваме политички маркетинг, мислам воопшто не е во ред, меѓутоа треба да бидат вклучени сите чинители, уште еднаш ќе повторам, од првиот до последниот жител на Република Македонија.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници.

Најпрво, иако на крајот од дискусијата по оваа многу важна и значајна тема, сакам да го поздравам расправањето и ова што се очекува, заклучувањето по однос на актуелната проблематика за штетноста и појавата и користењето на дрогата. Оправданоста од поставувањето на оваа точка е неминовно и од фактот дека иако во едно скорешно минато кај нас многу чудно и несвојствено за нашиот амбиент и за социјалната структура во Република Македонија,сега веќе многу навлегувајќи во скоро сите разговори и на званично ниво и во актуелното мнение и посебно во големата загриженост и очајничко очекување пред се од мајките и родителите за очекување е и од надлежните органи и од оваа расправа на Парламентот, овие крајно екстремно нега- тивни последици од консумирањето на дрога, како појава и во Република Македонија, со конкретни мерки да отпочнат да се разрешуваат.

Јас ќе ви пренесам само некое искуство од ланскиот Парламент кој една цела полугодишна сесија, како постојана точка на дневен ред беше разгледување и анализирање во една перманентност како временски период од шест месеци, третирањето на проблематиката за дрогата на локациите каде што таа се консумира, каде што се предвидува, дистрибуира и тн. Само сакам да потенцирам една моја забелешка во досегашните дискусии и од тој аспект да го објас-нам мојот приод кон ова прашање. Ние сме сепак Парламент, односно членови на Собранието. Мислам дека треба во третирањето на оваа проблематика да тргнеме

пред се, од уреденоста, законодавно-правна на ова прашање. Веднаш кога го велам ова, споредувам, како што сигурно забележавте во Информацијата, закон за производство и промет на дрога и опојни материи ние го имаме преземено со Уставниот закон од 1991 година.

Втора проблематика која е уредена по ова прашање, постои програма национална за сузбивање на дрогата и другите опојни материи, веќе како пратеници добивме нова програма која е сигурно сообразена и со актуелните состојби со оваа негативна појава и мислам дека тоа сообразување со трендовите и со актуелноста и со тежината на проблемите во однос на ова многу важно прашање и што побрзото доставување и разгледување на таа нова програма за сузбивање на оваа крајно негативна програма, како регулатива, треба да се утврди и во оваа расправа што побрзо да се разгледа и да се усвои на Парламентот.

Во однос на другите прашања, покрај уреденоста законодавно-правна на овие односи, наша друга надлежност како Парламент е извршувањето на законот. Мислам дека тука треба да го концентрираме и целокупното наше внимание и анализирање и оценување. Почнувајќи од тоа како производство дали има или нема во Република Македонија. Ако има, како се спроведува законот во однос на откривањето и сузбивањето на производството на дрога. Понатаму, често пати на теле-визијата и во медиумите слушаме дека се фатени криумчарења со дрога, виза ви состојбата што ја имаме на теренот на зголемувањето на консументи на дрога, што тоа како откривање значи. Каков е ефектот и ефективноста во однос на откривањето и она што фактички како појава, како криумчарење, како кривично дело го има на нашата територија по однос на тоа што е откриено според тоа^што е поминато и за каква слика е состојбата во делот на се поголемиот тренд на зголемување на консументите со дрога.

Второ и многу важно прашање камо функција на спроведувањето на законите од кривично-правната материја. Ние велиме регистрирани, откриени консументи на дрога. Точно, но јас во мојот Кавадарци, информирајќи се за ова прашање, бев информиран дека има околу 20-тина и на секој сограѓанин кога се коментираше тоа прашање повеќе од јасно му беше и очигледно дека таа бројка е многу поголема, сега кога зборувам за конкретниот пример тоа важи и на ни- во на Република. Дека таа бројка на регистрирани од фактички консументи на дрога е многу поголема. Што значи во спроведувањето на кривично-правната регулатива, во откривањето на консументите, тука е една од најбитните оценки и виза ви тоа во заклучувањето на расправањето, она што треба да го заклучиме и да го утврдиме во понатамошните активности и на Парламентот и на надлежните органи. Она што како Парламент е неминовно и што го нема во заклучоците на ценетиот колега пратеник Џеладин Мурати, мислам дека оваа проблематика, поздравувајќи го нејзиното поставуваше на оваа седница на дневен ред, тоа треба да претставува една перманентна програмска точка на дневен ред, во програмирањето на работите на Парламентот и виза ви она како национална програма за сузбивање на дрогата, тоа да биде и едно оценување на реализацијата на програмата и што е најважно ние како Парламент бидејќи неминовна е објективната одговорност и на Владата и на надлежните министерства ако една ваква појава постои, од овие аспекти што ги кажав, затоа што не може ако има некоја појава која што е општествено негативна, која што е нај големо државно зло и покрај сите објективни околности и географско политичка положба на Македонија во транзитна смисла и како појава од светски размери ја зафаќа и Република Македонија. Сепак, објективно одговорноста е и на Владата и на надлежните органи по однос на однесувањето на сегашната состојба со најопасната штетна појава, користењето на дрогата и она

што понатаму треба да биде еден неодминлив критериум, а тоа е со усвојување и во Парламентот на програма за сузбивање на дрогата, со постојано, перманентно третирање на таа појава во расправите и оценувањето на реализацијата, колку било откривањето и ефикасноста во криумчарењето со дрога во наредниот период дали е постигнато на тој ефект подобрување во делот на степенот на ефикасноста. Колку биле регистрирани, колку во наредниот период како ефект се постигнало со зголемување на бројот на регистрираните. Од оние што се зависници колку со ефикасно лечење, колку во тој дел се излечиле. И мислам дека само со едно такво третирање, ние ќе му дадеме важност на тоа прашање и преку тоа, ќе ми дозволите, да дадам една констатација која би била и една од критериумите на објективно оценување и на ефикасноста и одговорноста и на Владата и на другите надлежни органи по ова прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Г-дин Чокревски, министер за внатрешни работи.

**ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, г-до пратеници, драги колеги многу кратко ќе зборувам, бидејќи мислам оваа седница на Собранието беше доста богата и стриктна во врска со проблемот што е на дневен ред. Ме радува дека најголемиот број пратеници сериозно и многу содржајно дискутираа во врска со проблемот кој што денес го расправаме. Тоа ќе биде од помош на Министерството за внатрешни работи и ќе ги имаме предвид истите укажувања, сите забелешки, кои што тука внимателно го следевме и што ќе ги анализираме низ записниците.

Веднаш сакам да кажам дека не сакам да се осврнувам на некои екстремни дискусии кои што претставуваат паушално обвинување на работат на Министерството за внатрешни работи, само едно ка кажам дека ова Собрание може да направи каква сака инспекција, контрола за тоа како Министерството за внатрешни работи врз проблемот на дрогата. Како во сузбивањето на производството, евентуалното производство во Македонија, посузбивањето на недозволената трговија како и во процедурата која што е поставена што се прави со запленетата дрога. Мислам дека не е упатно сега јас да ги објаснувам сите работи. Во Информацијата која што ја дадовме постои една таблета во која што се покажани показателите на дрогата што ја имаме запленето. дрогата која што во разни основи е дадена на други институции, законски се разбора, заради процес на судење, заради употреба на лекови, што е дел од правната регулатива.

X/2.-

Третата графа ги покажува количините на дрога кои што се во Министерството за внатрешни работи во нејзините каси итн. Ова веднаш да го објаснам, верувајте, на нашите служби е терет чувањето на таа дрога, меѓутоа постои еден проблем што судските органи немаат можност во оној период од почетокот на едно кривично дело во кое учествува дрогата или трговијата со дрога до донесувањето на конечната одлука, нема каде да се чува дрогата и тогаш најчесто се врака во трезорите на Министерството за внатрешни работи. Во таа смисла во Информацијата е кажано дека во иднина треба по овој однос да се донесат по прецизни или да се употребуваат по прецизно барањата или законските определби на членот 259, став 2 од Законот за извршување на санкциите.

Меѓутоа, сега се поставува едно друго прашање. Колку Министерството не ги чува овие количини на дрога кои што се во дуски процес, кој ќе ги чува. Најдобро би било да ги чува некој друг, сепак. дрогата е во опасна зона. Многу поопасно од колку да е во Министерството. Не заради обвинуваше дека е некој по несериозен од нас, туку затоа што другите институции немаат опрема за да ја сочуваат дрогата, каде да ја стават. Значи, судовите треба да се опремат со посебни трезори, треба посебни луѓе, записници и н., една традиција е воспоставена. Верувајте на Службат аза внатрешни работи овој терет е вистински проблем и би било добро и ние да се ослобоидме од него. Но, дали ќе биде посигурна дрогата, тоа не знам. Сакав ова да го објаснам со повторувањето дека сомнежите и искажаните тензии дека Министерството за внатрешни работи, а преку него и Владата е вклучена во некои наркобизници, ги отфрлам со индигнација и ги сметам за многу несериозни Жалосно е што на ваков начин во врска со еден многу тежок и сериозен проблем, проблем што им тежи како што сите рековте на сите

луѓе овде во Македонија се прави политика и политички маркетинг. А спремен сум како министер за внатрешни работи, и ова го чувствувам како предизвик и како увреда моја лична, да ме вклучува некој во наркобизнисот.

Понатаму, спремен сум, реков да не се расправам,е тука, а не правиме реплики и други работи како сакате можеме да правиме спремен сум инспекција, анкетна комисија, поединци, група како сакате, вие како Собрание имате право, повелете, да видиме, да ја испитаме целата количина на запленета дрога и останата дрога, таа што се чува, таа што е дадена на други институции, за се спремни сме да покажеме документација. Тоа беше едно прашање:

Второто прашање, сакам да нагласам дека проблемот на дрогата и сите пратечки супстанци кои што ги спомнуваме со неа е социјален проблем, не е политички и не е еднострaн проблем. Тоа повеќе дискутанти го нагласија и затоа во Владата е направена оваа меѓуресорска комисија, која што треба од сите аспекти да го следи овој проблем.

Кога прашањето од пратеничката група на Либералите дојде до Владата, а беше насочено само на еден проблем, всушност на дрогата, а тоа е како се уништува дрогата и сл.,јас бев во Владата а тој што побарав таа Информација да не ја даваме веднаш за два - три дена, туку да направиме една поопширна информација меѓу ресорската комисија да даде свој материјал, да ја понудиме и Програмата, националната програма за борба против дрогата пред ова Собрание да излеземе со комплетен и сериозен материјал. Мислам дека тоа беше корисно и се покажа денес во оваа дискусија и во расправа на Собранието. Според тоа, би било добро да продолжиме со такво комплементарно и меѓусебно интередисциплинарно да кажам условно следење на овој проблем и

проблемот на дрогата да го расправаме и да го решаваме како еден социјален проблем, едно социјално зло, а не само како полициски проблем или проблем на некое училиште, на образованието, на здравството итн.

Понатаму, сакам да нагласам дека Во Македонија проблемот на третирањето на дрогата во сите нејзини аспекти и како производство и како промет со таа дрога е прашање кое, ќе повторам, многу сериозно го сметаме за едно од главните функции, главните задачи на Министерството за внатрешни работи. Во таа смисла правиме тоа што можеме да направиме и мислам дека е доста направено, за што имаме и признание од разни меѓународни институции кои се бават со овој проблем семе поврзани со меѓународните организации , сем поврзани и соп специјалната агенција на ОН во Виена, доаѓаат нивни претставници, се на увид што може да се даде на увид и во таа смисла во текот на оваа година и пол настојуваме да го сузбиеме, така да кажам да го преовладаме пропагандната теза на грчките медиуми, па дури и на грчките власти, кои што намерно, по мое мислење, дури и зло намерно во тоа време сакаа Македонија да ја прикажат како земја на дрога, на наркотици, се во функција на тезата дека овде на овој простор не е возможно да се создава сериозна држава. Јас едно најпријателско и најпоштено обраќање до сите оние кои што дискутираа за оваа работаа немојте сопствената земја да си ја прикажуваме дека е земја на наркотици. Македонија не е тоа. Тоа може да се покаже и да се докаже. Тоа е едно.

Второ, е дека тоа социјално зло се шири кај нас, зема поголеми размери, дека тоа социјално зло влегува се повеќе и повеќе во нашите семејства и дека треба сите да застанеме во сузбивањето на тоа зло. Меѓутоа, ако ја прикажуваме нашата земја дека е вклучена како власт и

како свет, тогаш мислам правиме лошо на оваа заедница и дека сите оние кои што се на другата страна од власта на пример по опозицијата, мислам дека ништо не добиваат со ваквите тези. Дозволете да кажам мое мислење, а господата пратеници од Либералната и од другите партии можат тоа да го развиваат, а јас повеќе нема за тоа за зборувам.

Третиот проблем, проблемот на легислативата кој е значаен и тука треба и му предлагам на Собранието да има предвид три важни прописи кој што треба брзо да ги донесеме и да ги разрешиме.

Првиот е законот за лековите, каде што ќе се регулираат така условно го викам за лековите, прашање е како ќе биде насловен, каде што ќе се третираат сите содржини во врска со троните, во врска со психотропските супстанци преку узивите и другите материи кои што денес современата наука ги има- дефинирано и кои што неверојатно брзо се шират како бројност, како нови така да кажам синтетички материи кои што се или основа за правење на наркотици или пак се самите тоа.

Второ, треба да го донесеме што побргу Законот за субивање на илегалната трговија со овие материи.

Трето, на некој начин ние од Министерството ќе направиме еден можеби попратен пропис, кој што ќе се поврзе со овој член што стана тука збор 259 од Законот за извршување на санкциите во кои што ќе изработиме прецизно целата процедура околу тоа како се третира дрогата од нејзиното фаќање, на пример, одземање, нејзиното евидентирање, нејзиното уништување кое генерално е решено, но не е прецизирано така што нема сомневање сите, навистина, да работиме во правец на сузбивање на ова социјално зло.

Предлагам да го чуеме и г-динот Тулевски, кој штоо во последно време е многу вклучен во целата оваа проблематика и веројатно ќе има нешто и тој да ни каже.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, бидејќи му дадов збор на г-динот Андов, дали вие дозволувате или сакате да земете збор.

Сепак ќе зборува г-динот Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин претседателе, господа министри, дами и господа,

Сакам да го изразам задоволството од опсежната расправа од бројните учесници во расправата по оваа точка што нашата парламентарна група на Либерално Демократската партија на предложи денес да биде на дневен ред. Ние очигледно се соочуваме со некои феномени кои, можеби, заради презафатеност и со дури работи, недоволно многу и му обрнуваме внимание, но феномени кои нанесуваат големи несреќи на голем дел семејства кај нас. А не само што упропастуваат, пред се млади животи, туку како што овде еден реч е еден од пратениците, дека во семејството каде што има некој што е подложен на употреба на дрога, всушност, целото семејство е болно. Нашата намера беше да го покренеме ова прашање во Парламентот, да се алармира нашата јавност и, се разбира, во нашето барање писмено доставено не стои така како што министерот Чокревки рече дека бараме само како се уништува дрогата. Се разбира, барам^ и тоа но не само тоа и не пред се тоа, туку бараме тоа што стои таму, како стои, каква е нашата организација во верата на образованието за сузбивање и спречување на ширењето на дрогата, каква е состојбата во сферата на здравството, во превентивата, како е спречувањето на ширењето на дрогата и сузбивањето на криминалот и на крајот го спомнуваме и овој проблем. Ние сега имавме една широка расправа, се надевам дека

широко го подвлековме вниманието на нашата јавност и нема да престане вниманието на луѓето по ова прашање. Она што сакам посебно да го истакнам и ќе го ценам, што по ова прашање, иако ова е едно од ретките прашања што го покренала пратеничката група на Либерално-Демократската партија така широко без оглед на припадноста на пратениците, беше сфатено, прифатено и одржано, поддржани беа нашите основни намери што треба во суштина да се преземе и во кој правец да се движат работите. Сакам исто така да истакнам, еве и други таква добра намера, чиста намера од интерес на секој граѓанин кога ќе се покрене овде, добива етикети дека е тоа политизација, дека партиски интерес е сака итн. Ние овде не можеме да влеземе во оваа сала, освен како претставници кои се избрани на листата на некој партија, сите вие и ние исто така. И ако тоа го покренеме, поларизација, па ова политичко тело., се разбира, овде друго нема, освен политика. Ние не сме медицинска институција, ние сме пратеници и се разбира ние знаеме дека приговорот го политизирмае тоа прашање или ова прашање и за ТАТ го политизираме, ќе се ограбат 80.000 милиони марки, па ако го покренеме овде и тоа по наше барање дојде овде на седницата, овде на Собранието, тогаш ние го политизираме Веќе не е виновен тој што ги украл парите, туку тој што го постави на дневен ред овде и што барал да се постави во Собранието. Мислам дека веќе тој манир, тој заштитнички манир да се избегне одговорноста за состојбите, за трендовите на тие области е читлив и разбирлив. Јас се разбирам дека сакаат да се подзакријат зад некои паравани, меѓутоа не помага тоа. Овде сем да водиме политика, да предлагаме политика, да донесуваме политика и да одговараме за последиците да таа политика кога се спроведува и ништо натаму.

**СТОЈАН АНДОВ: (**Продолжение)

Сега сакам да кажам зошто ние бараме , меѓу другото, покрај сите овие други работи, зошто бараме прецизно да се знае како се постапува запленетата дрога.

Сигурно, откако ќе се заплени дрогата, додека трае судската постапка или додека трае истрагата, постои проблемот каде ќе се чува. Сигурно тука треба да има некое решение. Стручњаците треба да определат каде ќе се чува, се разбира. Дали има трезори, или нема трезори, под чие надгледување ќе бидат и т.н., тоа е друга работа.

Ние го поставуваме прашањето, откако ќе се пресуди на дрогата, што натаму станува со дрогата. Таа дрога нема веќе да се чува. Таа во цел свет се уништува, судиите извршни, надлежни за таа работа во одредена постапка ја уништуваат и немаше да има никаков проблем ако овде се напишеше, како што се прави. Ние го баравме тоа во информацијата и требаше да ни се одговори. Меѓутоа , не се одговори. Истовремено во печатот читаме дека не се поништува дрогата и не се дава на судови да ја поништуваат. Судовите не ја гледаат. Така пишува во печатот. Читавме во печатот изјави на судии за тоа . Така пишува. Вие ако имате некој проблем треба да не информирате, ќе го видиме тоа и во судовите. Значи ќе видиме каква е состојбата. Така да намерата не ми е во ништо друго, туку сакаме да знаеме точно на кој начин во која постапка, со кои количини, кога, кој постапил. Ништо друго. Ако е тоа тај-на направете го на доверлив материјал, дајте им го, ќе го видиме, пратеници сме овде. Ако не ќе го дадете, јавно уништување на дрогата. Така и се прави некаде, се повикуваат новинари, се пишува осудената дрога, зафатен тој и тој, се уништува тогаш и тогаш, па се оди на лице место се слика и се правата репортажи. Во светот така се прави. Тоа го

велам затоа што ако не е сигурен начинот на постапка и уништување на дрогата секогаш ќе постои и секаде постои сомневање што станува тогаш со таа дрога. Видете, ние на децата мислиме и нашите и туѓите и на сите, кога сме загрижени што станува со дрогата после, ако не се поништува судски, затоа што тогаш нешто се прави со таа дрога, пак оди до деца и т.н. Тие работи мора да се расправата, мора да се отфрлат сите сомневања за да го заштитиме и министерството за внатрешни работи. За да ја заштитиме државата.

Не треба г-динот министер да ја штити државата од опозиционите пратеници. Впрочем опозиционите пратеници и угледот на државата се пратеници од овој народ. Треба да се заштити угледот со аргументирана јавна информација. Да се каже работите стојат така и така, докази се овие и овие и т.н. Тогаш се штити. Инаку во весниците ќе прочитаат како што знаете висок функционер од полицијата фатен на некоја граница, па осуден со материјал со кој помага. Така пишува во весниците. Ние се информираме од весниците. Тоа се работите кои нас не интересираат. А зошто е тоа потребно? Потребно е да јакне довербата во органите затоа што во еден дел од борбата против сите овие наркомафија и криминалци го држат тој нарко -бизнис, ќе се успее толку колку сите граѓани имаат доверба во органите кои ја водат таа борба. Според тоа никој овде нема намера својата држава да си ја прогласува за држава која навлегла во нарко бизнисот и т.н. Сакаме чиста ситуација, сакаме транспарентност во тоа, сакаме јасни докази за да се сите тие работи отстранат. Ако станува збор за тоа дека нешто не е јасно само заради тоа што немаме доволно јасни закони, да се забрза постапката и закони да се донесат.

Инаку, да Ви кажам, некогаш делуваше застрашувачки, а сега тоа е само политички невкус, кога министер за внатрешни работи од овде ќе ти каже оти опозиционите пратеници покревајќи го ова прашање, така

како што напишале, јас го коригирав, па ја спасив ситуацијата, инаку само ја оцрнува Владата и државата. Тоа не може така. Така не може г-дине министре. Ние ги поставуваме прашањата точно така како што ги поставуваме и за се што поставуваме, одговараме, а Вие треба да си одговарате за Вашата работа, не да ги исправате нашите грешки.

**ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ:**

Ставовите на пратеникот Стојан Андов се негова работа и јас не сакам да полимизирам. Нормално си ги искажа јас не сакам да влегувам во реплики.

Сега да кажам нешто само во врска со информацијата.

Јас реков дека од Владата се бараше за еден или два дена да си даде одговор на она барање како што го формулираше, така како што Вие рековте. За тоа не спорам, иако мислам дека беше ограничено, дека тука даваме многу поширок материјал.

Во Владата беше поставено дека треба веднаш да се даде информација. Јас само од аспект на корисност на материјалот побарав од Владата сите институции да учествуваат и да дадеме еден ваков по I содржаен материјал за кој ќе се дискутира. Јас никого не застрашував. Тука, г-дине Андов, колку што забележувате во текот на оваа година ипол имам големо трпени за тоа се што слушам и се што се кажува од страна на некои пратеници, како што рече г-динот Коцевски , да бидеме одговорни за тежината на зборот. Ако тежината на зборот некој ја чувствува треба под земја да влезе за тоа се што се зборува. Мое мислење е приватно такво, не како министер и немојте да ме сфатите како застрашување. најмалку сум човек кој што застрашува. Немојте така да ми импутирате некои тези што Вас Ви се вртат во сфаќањата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Андов има реплика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира, најдобро е да се објасниме додека тече расправата.

Господинот Чокревски како министер за внатрешни работи и член на Владата има право да си бара од Владата колку време и кој ќе го ангажира за да ја подготви информацијата.

Мојот приговор е на неговиот дел каде што рече дека ние сме барале многу помалку, само сме барале, така рече, само за уништувањето, што не е точно. Тоа е дезинформација. Или не го прочитал нашето бараше или заборавил. Тоа е она што се однесува до тоа прашање.

Што се однесува за трпението, се разбора, и ние имаме трпение и Вие ќе имате трпение. Трпението и толеранцијата е основна одлика на оние кои се одлучиле да се занимаваат со политика. Сега во тоа трпение, она што не можеме да го прифатиме и останувам на тоа, не можеме Вашите пораки повторувани неколку пати од оваа говорница , дека, ако се покрене она или ова прашање, тогаш надворешниот непријател ќе користи, некој друг ќе користи и одиме на негова вода. Тие илузии содржани, не еднаш туку повеќе пати, сакам да одговорам дека за некое време значеа застрашување, сега во суштина се не вкусни.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот д-р Тулевски.

(Реакции на одделни пратеници во салата).

Не, не, за тоа одлучува претседателот на Собранието. Претседателот на Собранието води грижа за спроведување на Деловникот.

XI/5.-

**ИВАН ТУЛЕВСКИ:**

Господа пратеници, г-дине претседателе.

Пред овој парламент сакам да зборувам исклучиво како стручњак бидејки сум само стручњак, не припаѓам ниту на една партија и своја та егзистенција ја обезбедувам само како лекар. Тоа што сум претседател на меѓуресорска комисија веројатно е резултат на некаква доверба на мој та стручност или кредибилитет и Ве молам тоа што ќе го кажам сакам само да придонесам, овој парламент по успешно да се ангажира во разрешување на овие проблеми кои се сериозен предизвик за сите граѓани на оваа земја

Пред овој парламент стојат многу сериозни задачи во соочувањето со проблемот и со прашањата на илегалната трговија и производствена дрога од една страна и од друга страна спречување на нивната злоупотреба односно намалување на последиците што се поврзани со злоупотреба на дрога. Пред овој парламент секако сакам да го спомнам како стручњак

покрај законот за лекови, покрај законот за спречување на илегалното производството на психотропни супстанци droги .Постојат и други задачи, а тие бараат длабоко обмислување и работа на уште неколку закони. Тоа се законите за контрола на прекурзори тоа се закони за миење на пари, закони за корупција и т.н.

Јас сакам да бидам сосема краток.

Проблемот на дроги во РМ е дел од еден широк цивилизациски европски и светски контекст.

Република Македонија по бројот на лицата кои злоупотребуваат дроги не е ниту многу погоре, ниту многу подоле од земјите на Централна и Источна Европа. Тоа е еден факт, можеме тоа да го аргументираме, јас можам да го посочам тоа на секој кој што е заинтересиран.

XI/6.-

Република Македонија по однос на прашањето зошто наеднаш се најде во еден ваков сложен проблем на присуство , на достапност на дроги и употреба на дроги, одговорот е многу комплексен . Тој лежи во сложени макроекономски процеси кои настапија после распадот на социјалистичките земји. Знаете дека дрогата е стока, дека пред две години обртот на дроги во светот свртел 500 милијарди долари. Таа се произведува, таа се троши некаде и дел од таа дрога минува низ РМ.

Не можеше да се очекува дека РМ ќе биде оспособена, бидејќи немаше можност за контењерска контрола на дроги, бидејќи низа елементи недостасуваа, не заради нечија неспособност или не сакање, туку заради тоа што способноста на дејствување на одредени сегменти е резултат на инвестиции, опрема, во кадри, во знаење, кое што е во тек и кое што е дадено во оваа информација, што Владата на РМ досега направила на харамонизирање на легислативата на меѓународна соработка, на организирање на одредени структури внатре во министерствата и т.н.

Јас очекував , а во многу дискусии, за мене дискусиите беа длабоки, искрени, мотивирани, да се помогне, да се поттикне овој проблем, очекував дека ќе се позборува за тоа кое ќе биде залагањето на овој парламент да се помогне за подобро организирање на здравството. Кое ќе биде залагањето на овој парламент да се помогне подобрата организација на социјалната заштита. Кое ќе биде залагањето на овој парламент да се помогне на образованието, царина и т.н.

Секако дека јас се согласувам со г-динот Андов и со некој друг кога рече дека парламентот и натаму ќе треба да дискутира за оваа проблематика, да ги третира овие проблеми и да се заложи за еден консензус парламентарен, бидејќи прашањето на дроги е над национално, над политичко. Тоа ги погодува сите граѓани и сите наши деца, пред се.

На крај, како стручњак сакам да го информирам парламентот, а ако е потребно, ако г-динот претседател смета за потребно, јас ќе ги оставам тие два документи.

Република Македонија во најновиот извештај на Стејт департманот од мар 1997 година стои дека, тој факт исто така можете да го потврдите дека во РМ опаѓа производството на опиум односно нема од каде да се произведува опиум, но во извештајот на Стејт Департманот стои дека во РМ нема илегално производство на хероин, дека производството на опиум добро се контролира и тека нема илегално одлевање на хероинот. Тоа е една работа . Господата пратеници ако се заинтересирани документот стои.

Уште еден многу битен документ.

Република Македонија, бидејќи е на патот на дрогите кои се актуелизира после војната во Босна и после блокадите, инаку таа беше само едно мало каналче, бидејќи главниот ток на дрогите одеше на север, наеднаш се најде во ситуација, најголемиот дел на droги да тече преку РМ. Затоа во РМ наеднаш се наоѓаат поголеми количник отколку што реал- но потрошувачката на дроги во РМ би изнесувала, бидејќи имаше одредени се разбира, тоа се субјективни , јас не тврдам дека сум објективен но анализата на материјалите е најдобар индикатор каде е вистината, дека РМ во Договорот за пристапување во Европска Унија, посебно е обврзана да работи со дрогите. Меѓутоа, во документот на Европската Унија за преакцесија, каде што програмата ФАРЕ го подготвува тие земји за зачленување во Европска Унија, на сите членки кои се кандидати за влегување во Европската Унија, им се наметнува посебно организирање за бор- бата против дроги и особено хармонизација на националното законодавство. што овој парламент во иднина ќе треба да го направи.

Секако дека е за поздравување залагањето да се осовремени здравството, да се формира национален институт за droги, да се работи меѓу младина, да се работи на социјалните случаи итн., но за сето тоа е дадена една програма која, јас ве молам да ја разгледате, а која бара финансиска поддршка, која пред се бара од сите сегменти на граѓаните комунално делување, затоа што државата како држава ако не го имплементира своето делување на ниво на комуната таа држава не може да биде ефикасна.

Јас ви благодарам што ми дадовте збор и што можев да придонесам за разјаснување на некои до овие проблеми кои насекаде се контроверзни и не треба да не збунува што се соочуваме со оваа проблематика. Не сме најцрната, најтемната земја на дрогите.

Она што се пишува во весниците за илегално производство на хероин, секако дека ќе дадеме стручен одговор на една конференција, бидејќи сметам дека овде не е место за тоа да зборуваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Имаше неколку сугестии, предлози за заклучување. До мене стаса само предлогот на г-динот Џеладин Мурати и јас него ќе го ставам на гласање.

Пратеникот Џеладин Мурати поднесе предлог на заклучоци кои ви се поделени.

Кој е за предлогот на заклучоците, молам да крене рака.

(57 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој).

Молам колку пратеници се присутни во салата?

Да се повикаат сите пратеници да влезат во салата. Се разбира ова гласаше не може да биде валидно, бидејќи во салата немавме кворум.

Кој е за предлогот на заклучоците, молам да крене рака?

(63 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот на заклучоците е усвоен,

Предлагам овие заклучоци да се достават до Владата на Р.У, МВР, Министерството за здравство, Министерството за образование, физичка култура и Министерството за труд и социјална политика.

Од оваа седница ни остана уште една точка од дневниот ред тоа е Предлог за донесување на законот за обезбедување на средства во форма на кредит за предвремена исплата на дел од побарувањата на граѓаните по основ на штедни влогови, со Предлог на закон.

Кога ќе продолжиме, ќе ве известам дополнително.

(Седницата прекина со работа во 15,30 часот).